**СЛАВИЦА КРСТИЌ**

# ТРАЈКО МУФТИНСКИ

**(1895 – 1963)**

## ПРВИОТ АКАДЕМСКИ СЛИКАР И ЗОГРАФ ОД КУМАНОВО

**КУМАНОВО, 2020**

**Издавач:**
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ – КУМАНОВО

**Главен и одговорен уредник:**
Богдан Таневски

**Рецензент:**
Д - р Дафина Герасимовска

**Лектура:**
Наташа Пешевска

**Графичка обработка:**
Марина Крстиќ

**Дизајн на корица:**
Ѓоко Крстиќ

**Фотографии:**
Мирослав Петковски
Славица Крстиќ

**Печати:**
**„ЕВРОПА 92“ – Кочани**

**Тираж:**
250 примероци

Трајко Муфтински (15.5.1895 – 12.6.1963)



Трајко Муфтински (15.5.1895 – 12.6.1963)

Делото насловено како “Трајко Муфтински - првиот академски сликар и зограф од Куманово“ е наменето за љубителите на македонската уметност и култура. Тоа е замислено како целина составена од повеќе поглавја низ кои може да се проследи животниот пат на Муфтински, од неговото раѓање преку школувањето, неговото богато уметничко творештво, до неговата смрт.

Роден е во Куманово, 1895 година, во семејство кое што се занимавало со трговија. По завршување на основното и гимназиско образование, Муфтински со сликарска наобразба се здобил во Белград, Загреб и Прага. Животниот пат го водел на повеќе локации како на пример Прешево, Бујановац, Врање, Крушевац, Сараево, Скопје каде што живеел и творел, за да го заврши својот живот во 1963 година во Белград.

Трнливата животна патека по која чекорел Муфтински, ја инспирирала авторката Славица Крстиќ и самата кумановчанка како и тој, така што од 2006 година таа вложи голем напор во трагањето по неговите дела од сакрален или профан карактер во урбаните и рурални средини. За жал, неговото творештво е само парцијално доп-рено во неколку наврати и овој уметник е недоволно познат во македонската јавност, така што текстот на Славица Крстиќ претставува пионерско дело за овој значаен автор.

Делото претставува целина од текстуалната елаборација на сликарските дела, икони и фрески врзани за сакралните објекти, како и профаното сликарство кое претставува голем дел од творештвото на Трајко Муфтински вклучувајќи пејзажи, мртва природа, портрети, сцени од секојдневниот живот. Со тоа тој може да се вброи меѓу основоположниците, зачетниците на македонското современо сликарство.

Овој труд е проследен со визуелна документација од обемен илустративен материјал која не води низ иконописните дела, фрескосликарство и значајните портрети, пејзажи и други дела произлезени како инспирација од секојдневниот живот. Со тоа е дадена комплексна слика за творештвото на Муфтински кое е неразделно врзано за зачетоците на македонската современа уметност.

Во рамките на текстот, авторката Крстиќ приложува список на неговите иконописни дела како и профани сликани творби до кои што таа дошла во текот на своите истражувања. Сеопфатноста и комплексната долгогодишна истражувачка активност на авторката Крстиќ, врзани за неговото творештво, резултира со значењето на овој виден уметник, од областа на историјата на уметноста, а со тоа и културата, за развитокот на уметноста во Македонија. Станува збор за оригинален научен труд што на сликовит начин, пренесувајќи не од првата половина на дваесеттиот век пружа свој посебен придонес во развитокот на научната мисла. Според горе изнесеното сметам дека е неопходно ова дело да стане достапно за широката јавност, не само во нашата земја, туку и надвор од неа.

Рецензент
Д - р Дафина Герасимовска

# ПРЕДГОВОР

Истражувањата за Трајко Муфтински започнаа сосема случајно, во 2006 година при посетата на манастирот Карпино во Сув Орах, Кумановско. Истражувајќи ја средновековната уметност, црковното сликарство и архитектурата од византискиот, поствизантискиот и преродбенскиот период на повеќе цркви и манастири во кумановскиот регион, ми падна в очи сигнатурата на нашиот кумановец Трајко Муфтински, кој по пат на завештение веќе има подарени ликовни дела со теми од христијанската религија во одделението за историја на уметност (Уметничката галерија) во НУ Музеј - Куманово. Како долгогодишен музејски работник и истражувач на црковната уметност во Куманово и Кумановско, се заинтересирав и за периодот меѓу двете светски војни т.н. *Преоден период*, кој е сосема непознат и воопшто неистражен. Особена чест и задоволство ми беше да истражам еден дел од творештвото на нашиот сограѓанин и да го обелоденам неговото име, најпрвин преку изложбата од минатата година: „100 години од творештвото на Трајко Муфтински (1919 – 2019)“, а сега и преку оваа скромна публикација опфаќајќи го неговиот живот и дело, иконопис, фреско живопис и современо сликарство. Не се знае точната бројка на неговите дела, бидејќи се разнесени по разни места во поранешна Југославија, во која тој живеел и творел. Создал над 600 икони за иконостаси, 5 до 6 фреско ансамбли и над 200 современи дела, по нарачка на црковните власти и љубителите на современата уметност.

Издавањето на оваа монографија, се совпаѓа со 125 годишнината од раѓањето на Трајко Муфтински (1895 – 2020), првиот академски сликар и зограф од Куманово, како и 100 години од неговото творештво во родниот град, од првите потпишани икони во манастирот Карпино (1920 – 2020). Тој зазема заначајно место во развојот на историјата на уметноста како последен македонски зограф и еден од првите основоположници на македонското современо сликарство.

Сакам да нагласам, дека сѐ уште има простор за идните колеги историчари на уметност, да продолжат со понатамошно целосно истражување на творештвото на Трајко Муфтински, за кое јас бев спречена да истражувам надвор од границите на РС Македонија, особено во соседна Р. Србија, поради пандемијата со корона - вирусот, која сѐ уште трае.

За крај, најпрвин да се заблагодарам до директорот на НУ Музеј - Куманово, г. Богдан Таневски, до рецензентот д - р Дафина Герасимовска, до колегите: Валентина Андреиќ, виш кустос историчар на уметност и Мирослав Петковски, кустос археолог, со кои беа изведени стручни истражувања на терен, и до сите информатори кои повеќе или помалку придонесоа за откривање на неговиот личен живот и творештво.

Да не го заборавам и моето семејство, голема благодарност за трпението и истрајноста во истражувањето, а кои директно ми помагаа и учествуваа во реализација на изложбата и монографијата.

*Од авторот*

## С О Д Р Ж И Н А:

**1**. Живот и дело ........................................................................................ 7

**2.** Иконопис ........................................................................................… 23

**3.** Фрескосликарство ........................................................................…..... 31

**4.** Современо сликарство ....................................................................... 38

**5.** Резиме / Summary ............................................................................... 54

**6.** Весниците за Трајко Муфтински ..................................................... 55

**7.** Семејни фотографии ...................................................................….. 61

**8.** Фотографии од отворањето на меморијалната изложба:
„100 години од творештвото на Трајко Муфтински (1919 – 2019) …………… 65

**9.** Репродукции ..........................................................................…....... 71

**9.1.** Репродукции од иконописно творештво ............................................ 72

**9.2.** Репродукции од фрескосликарство ....................................................... 156

**9.3.** Репродукции од современо сликарство ................................................ 177

**9.4.** Репродукции од цртежи и акварели ....................................................... 201

**9.5.** Репродукции на ликовни дела со теми од христијанската религија ... 212

**10.** Библиографија ..............................................................................…...... 246

## 1. *ЖИВОТ И ДЕЛО*

Трајко Јованов Муфтински е роден на 15 мај 1895 година во Куманово, а починал на 12 јуни 1963 година во Белград, на 68 - годишна возраст. Потекнува од трговско семејство, од татко Јован и мајка Ана. Неговиот татко Јован Петковиќ се доселил од Коњух, Кратовско и се занимавал со трговија, држел трговски дуќан во Куманово (Сл. 2), а пред тоа бил и печалбар во Букурешт, до 1899 година (Сл. 3). Бидејќи првите неколку деца им умирале по раѓањето, родителите го крстиле Трајко, за да *трае*, и тој им бил син единец.

Според кажувањата на Тане Гарски (1938 – 2006) и новинарот Петар Трајковски (1917 – 2012), кои биле блиски пријатели на Трајко, презимето Муфтински го добил по тоа што неговиот татко *муфте* (без пари) издавал соби на пазарџиите од околните села за престој во неговата куќа (Јованов ан), која се наоѓала блиску до центарот на градот, на ул. „Иво Рибар - Лола" бр. 45, на Нагорички сокак (денес „Димитар Влахов" бр. 1а), велејќи: „*Ќе идемо на муфте куде Јована*" (Сл. 1).



**Сл. 1.** Куќата на Муфтински во Куманово, ул. Иво Рибар – Лола бр. 45

Од сочуваните изворни документи: турски тапии, српски и бугарски документи, писма, весници, судски уверенија, потврди, декларации, резолуции, тестаменти, автобиографски белешки, разгледници, лекарски уверенија, неколку оригинални црно - бели фотографии, покани за изложби, нарачки за икони, иако не целосни, без посочена година, сепак може да се заокружи животниот пат и четиридецениското творештвото на нашиот сограѓанин Трајко Муфтински.

Основно училиште и VI клас гимназија завршил во родниот град. Уште тогаш покажал посебен интерес за цртање. Од несигурни извори се дознава дека по наговор на наставникот по цртање, кој го забележал неговиот цртачки талент, го продолжил

школувањето во Скопје (?). Се оженил многу млад, на 18 - годишна возраст со Елисавета, а на 19 - годишна возраст имал ќерка Видосава Муфтинска - Вица (1914 - 1982), која во 1936 година се омажила за Димитар Даштевски (1900 – 1960) од Куманово. Овие податоци се добиени од сочуваниот Записник на Срескиот суд во Куманово од 22 декември 1936 година (Сл. 10 и 11). Трајко имал само еден внук Симеон Даштевски (1941 - 2004), а од неговите потомци, денес има двајца правнуци, Игор Даштевски (р. 1971) и Милена Даштевска - Малохоџиќ (р. 1974), кои живеат во Куманово со нивните семејства (Сл. 67 – 75).

Служел војска во Крагуевац (1918 - 1920) во телеграфска единица (Сл. 4). Од бугарските документи *Времено разрешение* со *Декларација,* од 6.6.1941 година се



**Сл. 2.** Трговски дуќан во Куманово, ул. „Народна револуција“ бр. 56

дознава дека со занает почнал да се занимава во 1918 година, на 23 - годишна возраст, а во 1925 година имал своја работилница (ателје). Исто така, тука е наведен и неговиот статус на разведен, што значи дека во 1941 година се развел од сопругата (Сл. 8 и 9).

Во едно писмо од Мица Младеновиќ, суплент од Лесковац, од 23 ноември 1933 година, во кое се споменува нарачка за изработка на едно ликовно дело со *Мадона* (св. Богородица), меѓу другото се дознава за разнишаната брачна состојба на Муфтински кој навестувал дека бргу ќе се разведе од сопругата (Сл. 12). Ова потврдува дека Муфтински долго време имал несогласувања во бракот, речиси цели десет години. Во градот Куманово бил познат како *сликар*, кој во тоа време бил прв и единствен кој ја вршел оваа работа.

Што се однесува до имотната состојба, татко му имал куќа и дуќан, а подоцна на име на мајка му, и кафеана. Од една поседовна пријава на Јован Петковиќ - Муфтински (Сл. 6) се гледа дека ималниви со лозје и пченка на *Даштев рид* во Куманово. Според едно уверение од 26.2.1927 година, Трајко Муфтински бил полномошник на Менду бег Јашар Беговиќ рентиер од Скопје, на имотот во Студена Бара при општина Романовце, срез Жеглиговски, со кое барал да купи нива со малку шума за да ја подари на ќерка му кога ќе се мажи (Сл. 7). Не се знае дали навистина купил нива на негово име, бидејќи некои документи не можат убаво да се дешифрираат со оглед на тоа што се доста оштетени или пак им недостасуваат одделни делови од текстот. Се разбира дека Трајко како син единец, сиот имот го наследил од неговиот татко во подоцнежните години, а дотогаш неговиот животен пат бил трнлив, особено за време на неговото уметничко школување, надвор од границите на Македонија.


Au Nom de Sa Majesté Impériale le Sultan.

Signalement

Сл. **3.** Објава од султанот на царскиот Османлиски конзулат за Јован Петковиќ од 18/30 април 1895, кој може слободно да патува во Романија во траење од една година

Мора да се признае дека е отежната хронолошката рамка на движењето на Муфтински, затоа што нема доволно пишани податоци, а од сеќавањата за него, од неговите блиски пријатели, Тане Атанасовски - Гарски, сликар и кустос во Музејот во Куманово и Петар Трајковски, новинар од Куманово, се објавени написи за неговиот живот и творештво, без ниту една посочена година. Дури и годината на раѓањето беше сомнителна, 1892, по што се утврди дека точната година е 1895. Со истражувањата на биографиите на другите ликовни уметници со кои Муфтински имал контакти во посочените градови, се направи хронологија, кога, со кого и каде се движел.

Според оскудните автобиографски податоци, Трајко Муфтински на почетокот на Првата балканска војна (1912) се пријавил како доброволец во одредот на Војин Поповиќ, а учествувал и во битките кај Лепчинце, Врањско[1], во Старо и Младо Нагоричино, Кумановско, а потоа се вратил во Куманово.

Во куќата на Спасо Митревски, на улицата „Народна револуција“ бр. 56, спроти ООУ „Крсте Мисирков“ во Куманово, отворил уметничко - трговски дуќан за изработка и продажба на ликовни дела (Сл. 2). Овој дуќан го користел и како изложбен простор. Но, заради слабата заинтересираност и побарувачка на кумановчани во тој




**Сл. 4 и 5.**. Уверение од 21.8.1920 г. од кое се дознава дека Муфтински служел војска во Крагуевац и завршил VI клас гимназија во Куманово

период, не можел да преживее само од неколку нарачки, главно портрети, морал да започне со изработка на слики и икони со религиозни теми, за кои побарувачката била многу поголема, и тоа не само од граѓаните, туку и од црковните власти.

Претставниците на црковно – школската општина во Куманово, прота Стојан Стејиќ и бившиот управник на основното училиште г. Марко Цериќ, го наговарале татко му, да го пушти на понатамошно школување „ ...да се Уметничкој школи у

[1] Битката против Турците во Лепчинце, Врањско, близу до манастирот *Св. Прохор Пчински*, се водела на 19 март 1912 година, кога загинал комитскиот војвода Петко Илиќ, а неговите посмртни останки, во 1933 година биле пренесени во Старо Нагоричино.



СУД ОПШТИНЕ Романовачке

ИЗДАЈЕ

ТАПИЈУ

На овоме имању постоји у времену премера Орaћа Земља

Гранична:

Сопственик,



КРАЉ. СРБА, ХРВАТА и СЛОВЕНАЦА

СУД ОПШТИНЕ РОМАНОВАЧКЕ

Бр. 2801

у Романовцу

Уверење

**Сл. 6.** Тапија за наем на ниви во Студена Бара на Јован Петковиќ, 1.9.1926

**Сл. 7.** Уверение на Муфтински за старешина на задруга во Студена Бара, 21.8.1929



ОБЩИНСКО УПРАВЛЕНИЕ

ОКОЛИЯ

ВРЕМЕННО РАЗРЕШЕНИЕ.

№ 149

РАЗРЕШАВА СЕ



ДЕКЛАРАЦИЯ

Цена 1 левъ

**Сл. 8 - 9.** *Времено разрешение* (лево), со кое на Муфтински привремено му се забранува работа со иконопис, како и *Декларација* (десно) со податоци за образованието и статусот, 6.6.1941

Београду обогати стручним знањем  и тиме употпуни свој велики таленат... “ (Време, 5 јуни 192?) [2].

Во Белград, Муфтински престојувал кај вујко му и вујна му, но тие немале разбирање за неговото сликарско образование и бидејќи немал пари за натамошно школување, по три години, бил принуден да се врати дома. За тоа кратко  време на престој во Белград ги посетил музеите и галериите, а преку лето неколку пати се вклучувал во разни зографски групи каде го изучувал зографскиот занает. Од сочуваните весници: *Време* од 1931,  *Вардар* од 1936 и *Обнова* од 1942 (Сл. 59 – 61), се дознава дека бил голем љубител на црковната уметност и дека сликарство учел на „Курсот за старини“ организиран од Народниот музеј во Белград по завршувањето на Првата светска војна (1919/20), а предавачи му биле видни професори, Ѓурѓе Бошковиќ (архитектура), Ѓорѓе Мано - Зиси (средновековно сликарство), Зорица Симиќ (сликарство и иконографија), д-р Радослав Грујиќ (теологија и историја) и д-р Јозо Петровиќ (нумизматика).


Р-732/36
2
записник
Среског судије у Куманову састављен дана 22 децембра 1936 год. у кући Димче Дашћевића овд. трговца
Присутни су:
Старешина Суда
Манић Т. [illegible]
записничар
[illegible] Станимир
У смислу одлуке судске бр. Р-732/36 изашао је суд на лицу места у ул. Карађорђевој бр. 107 и у кући Димче Дашћевића трг. овд. нашао је: гђицу Видосаву ћерку Трајка Муфтинског, а поред ње нашао је и г. Димчу Дашћевића као и Јелисавету мајку Видосаве Муфтинске.
На питање судије г. Димча изјављује: Да [illegible]


од своје [illegible]
Изјављује да је уверена од стране Димче Дашћевића да ће ју узети за жену и да ће се са њоме венчати, те је због тога и дошла.
У допуну своје изјаве изјављује: да је у кући свога оца Трајка живела добро и да су сви према њој поступали добро, те је из куће отишла сва само по својој вољи.
Прочитано и признато без [illegible]
Видосава Муфтинска с.р.
Дим. Дашћевић с.р.
Присутни саслушани:
Т. Ј. Муфтински с.р.
Јелисавета Јовановић с.р.

**Сл. 10 - 11.** Записник од Срескиот суд во Куманово од 22.12.1936 година од венчавката на неговата ќерка Видосава Муфтинска

Од пишани извори (отпечатени автобиографски податоци на 5 листа, без ниту една посочена година) се дознава дека, кога Муфтински се вратил во Куманово, по неговото прво неуспешно школување во Белград, турските власти не биле одушевени од неговото доаѓање. Тие го клеветеле заради учество во масовните немири, кои тогаш се појавиле во кумановскиот крај (1915/16 ?).[3] Неколку пати бил затворан и морал да

[2] Тимова В., 1988, 27 – 36;  Од истражувањата на Тимова  во контакти со ќерката на Муфтински во 1981/82 г., Тане А. Гарски и Петар Трајковски, во 1960/63 година;

[3] Масевски Д. – Арсовски М. - Болто, 2003, 210 – 211: По завршувањето на Втората Балканска војна  и Букурешкиот мир од 10 август 1913 година, кога Македонија конечно е распарчана и поделена меѓу соседните земји, Србија, Бугарија и Грција. Куманово како дел од Вардарска Македонија сѐ до 1915 година е во состав на  Кралството Србија. Првата светска империјалистичка војна од 1914 година донела нови промени во Македонија. Бугарија која во оваа војна застанала на страната на силите на Оската, кон крајот на 1915 година успеала да окупира поголем дел од Македонија. Имено на 20 октомври 1915

признае нешто што не го направил за да го ослободат, а кога бил на слобода, бил под присмотра. По последното излегување од затвор, Муфтински побегнал во Врање, а оттаму оди во Загреб и во краткиот престој (најверојатно 1919/20), бил ученик на Влахо Буковац (1855 – 1933). Од Загреб се сели во Белград, каде (околу 1921/24 година) го следел наставничкиот курс по сликарство на Уметничката школа, отворена во 1921 година, кај сликарката Бета Вукановиќ (1872 - 1972).[4] Кај неа се школувале македонските сликари Лазар Личеноски (1901 – 1964) и Вангел Коџоман (1904 – 1994).[5] За време на нивното школување (1924 – 1928), Муфтински се запознал со двајцата македонски сликари.

Од разговорот на Тимова во 80 - тите години на XX век со Вангел Коџоман во Скопје, тој потврдил дека се запознал со Трајко Муфтински во Белград, но другарувале кратко време, бидејќи одеднаш го снемало од Белград, веројатно се вратил во Куманово. Коџоман изјавил: „ ... по нарав многу кроток, тих и незабележителен, но според делата кои ми ги покажа, видов дека не е само обичен аматер“.[6]

Откако по извесно време собрал доволно пари за натамошно школување, најверојатно истата 1924 година, се вратил во Загреб. Меѓутоа, неговото школување во Загреб, повторно било невозможно, од повеќе причини, пред сè материјални. Тука стапил во контакт со хрватскиот вајар Антон Аугустинчиќ (1900 - 1979) кој во 1924 година заминал во Париз, со желба и намера и тој да оди во Париз. Но, не можел да остане ниту во Загреб, а не пак да оди во Париз. Оттука, повторно се вратил во Куманово.[7]

Според новинарот Петар Трајковски, пак, Муфтински бил меѓу подобрите студенти на Белградската ликовна академија којашто не ја завршил. Подоцна студиите ги продолжил во Загреб, а оттаму отишол на студиски патувања во Прага и во Париз. Можно е да престојувал во Прага во периодот од 1925 - 1927 година, кога повеќето српски сликари се школувале на Академијата за ликовна уметност, меѓу нив и Лукијан Бибиќ (1892 – 1962), кој подоцна работи заедно со него на осликување на манастирот *Св. Прохор Пчински*. За студиските патувања во Париз, не се знае точната година на престојување, но неговиот правнук потврди дека имало запис дека бил во Париз, но за жал токму тој документ е изгубен.

Со сигурност се знае дека студирал на Ликовната академија во Загреб, според податоците објавени во загрепската *Енциклопедија за ликовни уметности,* од 1964 година. Од потполнетите формулари во една *Декларација* на бугарски јазик, се дознава

---

година, единиците на бугарската војска влегле во Куманово, и оттогаш па сè до декември 1918 година, градот и околината е под бугарска окупација;

[4] Вистинското име на Бета Вукановиќ било Бабет Бахмајер, по потекло од Германија, која кога се омажила за српскиот сликар Ристо Вукановиќ, го сменила името во Бета и до крајот на животот живеела во Белград;

[5] *Enciklopedija likovnih...*, MCMLXIV, 207: Трајковски П., 1973 , 356 – 359; Атанасовски - Гарски Т., 1994, 136;

[6] Тимова В., 1988 31;

[7] Ibid, 30;



Што ви не пишете. Каваљер не треба увек да чека на ред. Шта има ново код Вас? Нешто ми у бршки рекосте да намеравате да промените начин живота? Да ли је то збиља?

Да ли нисте заборавили на моју мароту. Да знате колико је ново искам. Радујем се што радите на њој. Божурите се и јавите ми како она напредује.

Топло Вас поздравља
Мица Младеновић
суплент

PS: Адреса: ...

**Сл. 12.** Дел од писмото на Мица Младеновиќ од Лесковац до Муфтински, 23.11.1933



Обр. № 1-а — § 10

Приелъ участъкъ 24 ЯНУ. 1942 г.
Печатъ и подписъ

КАРТА ЗА СОБСТВЕНИЦИ И НАЕМАТЕЛИ

Да се пише съ черно мастило четливо на български

| | | |
|---|---|---|
| 1 | | участъкъ, улица ... № 45 етажъ ... врата ... |
| 2 | Име: 1. Собствено 2. Бащино (за жена мъжово) 3. Подписно | 1 Трайко 2 Ивановъ 3 Муфтински |
| 3 | Занятие | Юристъ |
| 4 | Месторождение: градъ (село), околия, окръгъ и държава | гр. Куманово, Сърбия |
| 5 | Местожителство: градъ (село), околия, окръгъ и държава | — " — |
| 6 | Поданство и народность | Българинъ |
| 7 | Рождени дати: година, число и месецъ, религия, сем. положение | 15. V. 1895 г. ... |
| 8 | Имена и рождени дати на живущи съ него — Жена (по бащино име) | |
| 9 | Деца подъ 15 години | |
| 10 | Где е живелъ по-рано въ града? | |
| 11 | Постоянно местопребивание | Куманово |
| 12 | Отъ где иде сега? улица № | |
| 13 | Карта за самоличность, № и дата, где е издадена | 554-24-I.942 ... |
| 14 | Паспортъ, № и дата, где е издаденъ | ... 41. Бълг. Консулство |
| 15 | Гранична входна виза, № и дата, где е получена | Влад. Ханъ 18-I-942 |
| 16 | Дата на подаването | 24 I. 1942 Куманово |

Официално отписанъ на ...

Заминалъ на ... За ... (место, околия, окръгъ, държава)

Четливи подписи

Подписъ на наемодателя: ... Подписъ на лицето: ...

**Сл. 13.** Карта на сопственици и наематели, гранична виза за влез во Владичин Хан на Трајко Муфтински, 24.1.1942

дека на 28 февруари 1927 година завршил Виша школа за уметност и уметнички занаети во Загреб. Не случајно, од весникот *Обнова* од 1942 година (Сл. 61), како и од написот во *Беседа* од 1973 година на новинарот Петар Трајковски, се дознава дека бил познат академски сликар, и последен македонски зограф.[8]

Од изворни документи од 1941 година, се дознава дека за време на бугарската окупација во Македонија, му било забрането да ги осликува храмовите со фрески и икони бидејќи работел за српските црковни власти (Сл. 8), и без виза не можел да патува во Србија (Сл. 13). Што следело понатаму до 1945 не се знае.

По ослободувањето, во 1945 година, а според кажувањата на Вангел Коџоман, Муфтински живеел во својата куќа во Скопје. Наидувајќи на одредени недоразбирања, тој ја подарил неговата куќа на Друштвото на ликовните уметници на Македонија (ДЛУМ) и се вратил во Куманово. На негово барање од 3.5.1946 година, до Секретаријатот на Народен одбор во Куманово, повторно му била дозволена иконографската дејност (Сл. 17). Во октомври 1946 година отишол во Белград каде што останал до крајот на својот живот. Постојат документи за неговиот купен стан и ликовно ателје во Белград од 24 октомври 1946 година (ул. „Таковска“ бр. 13, стан 11) за време на ФНР Југославија (Сл. 24 - 26).

Престојот и студиите во сите споменати европски центри имале влијание на неговата идна сликарска работа. Се обидел да слика секакви жанрови од класицизам, преку фрескосликарство со средновековна традиција, до модерната уметност во што и успеал. Своите први почетоци Муфтински ги започнал со иконографија и фреско-живопис на 23 - годишна возраст и професионално се занимавал по црквите во околината на Куманово, Бујановац, Прешево и Врање, во Белград, Крушевац и во Сараево. За време на неговиот престој во Белград, главно кога немал порачки за кумановските цркви, се дружел со тамошните сликари и зографи и ја научил умешноста на изработка на икони и иконостаси. Бил близок пријател со последниот македонски зограф и прв основоположник на македонското современо сликарство, Димитар Андонов - Папрадишки. Заедно со него работел во црквата *Св. Димитрија* во Прешево, 1920 година. Освен со Андонов, Муфтински имал контакти и со другите македонски зографи кои твореле во тоа време во кумановските и врањските цркви, со Крсто Аврамов (1866 – 1939), внук на Дичо зограф, кој работел и на иконостасот во *Бељаковскиот манастир, и* со Димитар Пандилов - Аврамовски (1899 – 1963) кој заедно со чичко му Крсто работел на иконостасот во црквата *Св. Петка* во Бедиње. [9]

Душан М. Колунџиќ, го истражувал сликарството на Муфтински во црквата *Св. Ѓорѓи* во Крушевац и во неколку храмови во Босна и Херцеговина и Далмација.[10] Од белградските истражувачи, историчари на уметност, проф. д-р Ненад Макуљевиќ, Ирена Ќировиќ и д-р Ивана Женарју, дознаваме за повеќето иконографски ангажмани

[8] Трајковски П., 1973 , 356 ;
[9] Пецов И., 2008, 39 – 48;
[10] Колунџић Д. М., 1971, 363 - 394; Ћировић И., 2015, 416;





**Сл. 14 – 15.** Писмо од Црковниот одбор до Муфтински за изработка на икони за иконостасот на *Св. Илија* во *Врањска Бања,* 16.04.1925



Господину
Трајку Муфтинском академском сликару-художнику
Куманово

Овим Вас извештавамо да одмах дођете у Београд ради довршавања започетих живописних фресака у овој цркви и ликвидирања рачуна јер ако не дођете уступиће Вам ово задужење новој комисији као проузроковачу за довршавање овог уметничког дела.

Благајник цркве
Св. Богородичина Покрова

**Сл. 16.** Писмо од црковниот благајник на црквата *Покров на св.Богородица* во Белград за подмирување на сликарскиот ангажман на Муфтински



Градски Народен одбор
Секретаријат
Бр.7004.
3.-V- 1946. г.
Куманово.

ДО ОКРУЖНИОТ НАРОДЕН ОДБОР-СТОПАНСКИ ОТДЕЛ-

Препракјаме Ви молбата на др. Трајко Муфтински, за да ни дадете појаснение да ли на истиот можеме да му се даде такво уверение, видејќи да за време на бив. Југославија истиот беше инокописец. За време на окупацијата од страна на Бугарскати власти му беше забранена работата иконописство. Денеска исто така нема оформено никакво право за работа на иконопиство, но и сами изгледи на работа се слаби.

Бидејки уверењето го бара во врска со измената и допуната на закона за аграрна реформа, то Ве молиме за сугестија по поднесената молба.

"Смрт фашизму-Слобода народу".

Секретар,
Т.Георгиевски с.р.

(М.П.)

Председател,
Б.Крстевски с.р.

**Сл. 17.** Молбата на Муфтински до Секретаријатот на Градскиот народен одбор – Куманово, од 3.5.1946, со која бара дозвола за иконописно творештво

што ги имал Трајко Муфтински по црквите на Врањската епархија, во Р Србија. Може да се заклучи дека Муфтински најголеми ангажмани имал за иконостасите на црквите во Кумановскиот и Врањскиот регион.

Мора да се признае дека сè уште е недоволно истражен сликарскиот опус на нашиот прв кумановски зограф и основоположник на современото сликарство, кој допрва треба да излезе од анонимност со што ќе биде запознаена не само кумановската, туку и целата македонска научна јавност од областа на историјата на уметноста.[11]

Со последните теренски истражувања во кумановските цркви, изведени од стручна екипа на НУ Музеј - Куманово во периодот од 2011 - 2018 година, откриени се иконографските дела на овој уметник и може да се заокружи целосната слика на



**Сл. 18.** Разгледница со *Судење на св. Ѓорѓи*, фреска од Бељаковски манастир

иконографското творештво на Муфтински, во црквите од Кумановско, дел од нив веќе се објавени во монографијата „Црковни споменици во Кумановско“, 2012, во два музејски гласници (Крива Паланка, 2013 и Битола, 2018), во кумановското списание „Корени“ (2018), како и каталогот од изложбата „100 години од творештвото на Трајко Муфтински (1919 – 2019)“, 2019 година.[12]

Творечкиот максимум, Муфтински го постигнал во периодот меѓу двете светски војни или *Преоден период*, кога Македонија била во границите на српското кнежевство на Кралството на СХС (1918 – 1929) и Кралството Југославија (1929 – 1941) за време

[11] Истражувањата за творештвото на Муфтински во Р Србија беа отежнати поради вонредната состојба на светско ниво од пандемијата со корона - вирусот Ковид 19, во текот на 2020 година, а особено во црквите од Врањската епархија, Белград и Крушевац;

[12] Крстиќ С., 2012, 146; Крстиќ, 2019, 1 – 24;

на владеењето на кралот Александар Караѓорѓевиќ (1921 – 1934).[13] Па, така, и иконографските нарачки доаѓале од високите српски црковни и кралски достоинственици, особено за време на тогашниот скопски митрополит Јосиф, назначен во 1932 година, кој му бил доста наклонет, за разлика од претходниот митрополит Варнава.[14] Инаку, Муфтински во Србија бил познат и како Трајко Јовановиќ.

Од малкуте целосно сочувани весници и документи, се дознава дека бил еден од најпопуларните и најбараните зографи на Балканот во периодот помеѓу двете светски војни во тогашна Југославија. Дури имало отпечатени разгледници со негови фрески и икони, како што е иконата *Тајна вечера* (Сл. 20) од иконостасот на манастирот *Св. Прохор Пчински*, Врањско, и фреската *Судењето на св. Ѓорѓи* од западниот ѕид на наосот во манастирот *Св. Ѓорѓи* во Бељаковце, Кумановско (Сл. 18). Една таква разгледница на 3.4.1947 година, испратил на Неговото високо Преосвештенство, еписко-




**Сл. 19.** Разгледница со *Судење на св. Ѓорѓи*,
до епископот Венијамин Бранически, Пожаревац, 8.4.1947

---

[13] Брезовски д-р В., 1969, 69 - 118; Грчев К, 1998, 61; Чушкар Б., 1971, 104 – 191; Масевски Д. - Арсовски М., 2003, 184; По завршување на Првата светска војна и решенијата на Парискатa конференција од 1 декември 1918 година е формирано Кралството на СХС, во чиј состав влегува и Вардарска Македонија, а со тоа и Куманово, како седиште на Кумановскиот округ;

[14] https://wikipedia.org./wiki/митрополија_скопска; Скопската митрополија во 1920 г. потпаднала под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Во тоа време митрополити биле Варнава Росиќ (1920 – 1930) и Јосиф Цвијовиќ (1932 – 1957). Митрополитот Јосиф останал сè до почетокот на Втората светска војна кога бугарските окупатори го протерале од Скопје во 1941 година, и не му дозволувале да се врати назад и да управува со митрополијата, кој „наводно“ управувал до 1957 година. На 4 октомври 1958 година, на Охридскиот црковно – народен собир, бил избран тогашниот викарен епископ топлички, г. Доситеј Стојковиќ, за поглавар на МПЦ. Тогаш, и официјално му било забрането враќањето на скопскиот митрополит Јосиф и злетовско – струмичкиот епископ Викентиј. Во 1967 година е прогласена автокефалност на Македонската православна црква; *СПОМЕНИЦА српског православног* ...., 1935, 251 - 254;



**Сл. 20.** Разгледница со икона *Тајна вечера,* од иконостасот на ман. *Св. Прохор Пчињски*



Druže Muftanski,

Upravniot odbor na društvoto za primeneta umetnost na svojata sednica na 26.VII.1950 god., razgleduvajki ja Vašata molba potkrepena so dokumentite donesa rešenie, da Ve primi za redoven člen na Društvoto.

Po prilog Vi dostavuvame pravila na Društvoto, i uverenijaza izdadeni za vreme na okupacijata.

Smrt na fašizmot - Sloboda na narodot!

Za upravata na društvoto
S E K R E T A R,

/N. Tozi/

**Сл. 21.** Документ каде Муфтински е примен за член на Друштвото
за применета уметност на Македонија (ДПУМ), 26.7.1950

пот на Српската православна црква, Венијамин Бранически во Пожаревац, честитајќи му ги Велигденските празници (Сл. 19).

На 5 март 1956 година, за својот 37 - годишен ефективен работен стаж зел уметничка пензија од Белград. Од една негова жалба од 28 мај 1959 година до Заводот за осигурување во Белград, НР Србија, се дознава дека бил исплаќан според старосна пензија од 35 години, за која според законските прописи се покачувала 5% секоја година, а бидејќи имал повеќе од 35 години стаж, барал покачување од 10% и се надевал на позитивен исход (Сл. 22). Во 1958 година, поради ослабнатиот вид се лекувал на Очната клиника во Загреб, а во текот на 1962 и април 1963 се лекувал на Очната клиника во Државната болница во Скопје и неколку пати бил на контрола во болницата во Куманово (Сл. 23). На 12 јуни 1963 година починал на Интерната клиника во Белград. Погребан е во Куманово, а во транспортирањето на неговото тело од Белград до Куманово, меѓу другите, лично учествувал Тане Атанасовски - Гарски, Петар Трајковски и неговата ќерка Видосава Даштевска - Вица.[15] Надгробниот споменик е подигнат од страна на Собранието на Општина Куманово.

Освен како зограф и иконописец, се занимавал и со современо сликарство. Тој е еден од основоположниците на современото сликарство и иницијатор за формирање на Друштвото на ликовните уметници во Куманово заедно со Кирил Караџа (1900 – 1973). Двајцата ја формирале официјалната ликовна група на уметници „Кумановци" во 1956 година. Во периодот пред и по Втората светска војна, Муфтински изработил над двесте ликовни дела, од кои стотина се подарени на Музејот во Куманово и се депонирани во ликовната збирка на Уметничката галерија. Добиени се по пат на завештение (1962/63), кое го оставил авторот, по неговата смрт да бидат подарени на галеријата, во родното Куманово. Од еден напис објавен во *Наш Весник,* Куманово*,* бр.25 од 1.11.1962 година под наслов: „ТРАЈКО МУФТИНСКИ продолжител на традицијата во фреско – сликарството", меѓу другото се вели: *„...Стариот мајстор Муфтински сега живее повеќе во Белград, но копнее по својот роден град. Под извесни услови тој е готов сета своја збирка да ја подари на Општината, за идната уметничка галерија*" (Сл. 62).

Малку подоцна, од друг напис, објавен исто така во *Наш Весник,* Куманово, бр. 256 од 1.4.1968 година, со наслов: „МЕМОРИЈАЛНА ИЗЛОЖБА – Т. МУФТИНСКИ" се дознава дека ликовните дела пет години по неговата смрт веќе се подарени на Уметничката галерија, со оглед на тоа што галеријата е отворена во јуни 1967 година како одделение за современа ликовна уметност во состав на Музејот во Куманово и како таква опстојува до ден денес. На самиот почеток се вели: *„На 28 март годинава (1968) во просториите на Уметничката галерија беше отворена меморијална изложба од подарените уметнички дела на покојниот академски сликар од Куманово, Трајко Муфтински"* (Сл. 64).

За време на својот живот, учествувал на повеќе групни изложби, излагал и во

[15] Податоците се добиени од Слободанка Атанасовска, сопругата на Тане Атанасовски – Гарски, кои биле блиски пријатели со Муфтински;


Када сам се вратио кући нашао сам у овоме с ану( јер код куће немам никога ) у затвореном коферту Ваше решење под горњим бројем којим је одбијен мој захтев за повећану пензију, јер тобоже не испуњавам законске услове

Па како налазим да поменуто решење није правилно нити основаното у законском року изјављујем следећу

ЖАЛБУ:

1.- Што ми је решењем Завода за социјално осигурање Н.Р. Србије П.Бр. 180332 од 5 марта 1956 године признат радни стаж у ефективном трајању од 37. година, док ми је старосна пензија одређена према стажу од 35 година.

Доказ : Списи који се налазе код завода за социјално осигурање.

Овај свој захтев базирам на прописима закона о социјалном осигурању јер он признаје 5% повећање пензије за сваку годину преко 35 година радног стажа, па како ми је п т стаж од 37 г значи треба да ми се пензија повећа са 10%.

Ја сматрам да ће се ова жалба расмотрити и донети повољно решење.

28. маја 1959
Београд

**Сл. 22**. Жалба од Муфтински до Завод за пензиско осигурување - Белград, 28.5.1959


ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ Београд

Број 3514
на амб. дневник

Патувањето да се изврши во овој
од два дена сметано од ден на издавањето

ОЧНИ КАБИНЕТ
Бр.
26 IX 1962 г.

ЛЕКАРСКО УВЕРЕНИЕ
ЗА ИСПЛАЌАЊЕ ПАТНИ РАЗНОСКИ

На осигуреникот член Трајко Муфтински
односво на членот на семејството лично
кој работи при Пензионери Бел. XIII во гр. Београд
и боледува од
да се исплатат патни разноски од Куманово до Скопје
и обратно ____ дена хранарина.
Во гр. Куманово 23 IX 1962 год.

Лекар,

**Сл. 23.** Лекарско уверение од Очниот кабинет, за патни трошоци,
до Завод за социјално осигурување - Белград, 26.9.1962

неговиот дуќан, што не се смета за презентирање.  Имал само една  самостојна изложба во 1960 година и тоа во родниот град.

Факт е дека Муфтински живеел во Куманово, Скопје и Белград. По завршувањето на Втората светска војна живеел во Скопје до 1945, а од 1946 година до неговата смрт, во Белград (Земун) каде имал и сликарско ателје. Често патувал во другите градови на Југославија, Нови Сад, Крушевац, Врање, Загреб, Сараево, Дубровник и Опатија, а навраќал и во родното Куманово. Во Македонија, освен во Куманово ги посетувал средновековните цркви и манастири во околината на Скопје и во Охрид и се дружел со зографите и ликовните уметници. Особена инспирација во неговите современи ликовни дела му било Охридското Езеро со старата градска архитектура. Одржувал врски со уметниците во Скопје (Димитар Андонов, Лазар Личеноски, Вангел Коџоман, Никола Мартиноски,  Димитар Пандилов - Аврамовски, и бил член на Друштвото за применета уметност во Македонија од 1950 година (Сл. 21).





**Сл. 24 - 26.** Документи за купен стан и ателје на Трајко Муфтински во Белград, 24.10.1946

За големата љубов кон црковната уметност и сликарските ангажмани на Муфтински, од весникот *Вардар* (1936), се дознава дека, добил пофални зборови од истакнати стручни лица, како што се д-р Радослав Грујиќ, Ѓурѓе Бошковиќ, Ѓорѓе Мано - Зиси, и д-р Јустин Поповиќ  дипл. теолог и помошник на владиката Јосиф, кој бил и еден од главните иницијатори за основање на Филозофскиот факултет во Белград (Сл. 60).

Со право може да се каже дека Трајко Муфтински во почетокот од своето иконографско творештво создал дела со намалени сликарски можности, но во четвртата деценија на XX век го достигнал својот максимум во усовршување на зографскиот занает, а што се однесува до современото сликарство се надминал и самиот себе си, следејќи ги современите ликовни правци, особено по завршувањето на Втората светска војна, во петтата и шестата деценија на XX век.

## *2. ИКОНОПИС*

За иконописното творештво во периодот меѓу двете светски војни е карактеристично што постепено се напуштал историскиот модел на православниот иконопис. Поради индустријализираното производство на црковните икони, наменето за посиромашните нарачатели, се прифаќало средновековното сликарство како модел на современ иконопис. Муфтински, студиозно и долго време ги проучувал фреските на старите зографи во Нерези, Марков манастир, Старо Нагоричино и други цркви и манастири во Македонија, и Србија. Проникнал во тајните на иконографското сликарство, ја запознал основната технологија на подготовка на боите, и на сликањето на свеж и сув малтер. Новиот стил на иконописот, како и постојаната грижа за уреденост на храмовите влијаеле на тогашниот скопски митрополит Јосиф да издаде распис, во кој го истакнувал значењето на распоредот на иконите на иконостасите, како и нивниот одговарачки стил. Особено бил поттикнат од работата на декорацијата на мавзолејот Караѓорѓевиќ во црквата *Св. Ѓорѓи* во Опленац во Србија, во кој биле копирани старите средновековни фрески кои ги сметал за најуспешни, а послужиле како обрасци на новиот мозаик. Во склад со ваквата концепција работи и Трајко Муфтински, не само на иконостаси, туку и на ѕидното сликарството.[16]

Главната творечка работа на Муфтински се сведувала во изработка на икони и цели иконостаси по желба на нарачателите од локалното население и тогашната црковна власт. Од увидот во состојбата на иконите и иконостасите, ѕидното сликарство и стотината ликовни дела, денес сопственост на Музејот во Куманово во галериската ликовна збирка, се забележани сигнатурите на неговите дела: Т. М., *Тр. Ј. М.,* Тр. Ј. Муф., ТР. МУФ., *Т.* Муфтински*,* Трајко Ј. Муфтински, Тр. Ј. Муфтин., Тр. Муфтински*, Муфтин.,* ТР. Ј. МУФТИНСКИ, *Тр.Ј.Муфтински*, или Муфтински Трајко*,* во кои на места е сочувана, а на места е оштетена годината на изработка или воопшто ја нема.

Поради тогашните услови и општествени прилики во коишто живеел и творел, иконографското творештво го започнал во црквите од Врањската епархија, а во меѓувреме или речиси истовремено творел и во Куманово. Првите и најрани идентификувани икони се сретнуваат 1919 година на иконостасот на црквата *Успение на св. Богородица* во с. Сикирје (или Секирје), Врањско, изградена во периодот меѓу двете светски војни. Работел и на други иконостаси за црквите: *Св. Димитрија* во Прешево, заедно со Димитар Андонов (1920); *Св. Архангел Гаврил* во с. Доња Трница, *Св. Илија* во с. Радовница и *Св. Илија* во Врањска Бања (1934); во манастирот *Св. Прохор Пчињски* во Кленике (1934/35), чиј иконостас од 2009 година е пренесен во новата црква *Св. Лазар и сите српски маченици* во Владичин Хан; потоа во *Св. Петар и Павле* во Бујановац (1935/36); и *Св. Ѓорѓи* во Белишево, Владичин Хан (1935/36).[17] Од пишани извори дознаваме дека освен икони за иконостаси, работел и на изработка на литиски бајраци, кои биле посветени на празникот на црквата, какви што се во врањските цркви

---

[16] Макуљевић Н., 2015, 29 – 30;

[17] Ћировић И., 2015, 415-416; Недељковић В, 2010, 113- 124;



**Сл. 27.** Скица за иконостас, акварел на хартија (100 х 120 см.)
НУ Музеј – Куманово (Инв. бр. У1 - 108, Вл. бр. 642)

*Св. Архангел Гаврил* во Доња Трница и *Св. Илија* во Радовница, кај Трговиште.[18]

Сепак може да се каже дека од утврдените сигнатури кај нас, најраните почетоци на Муфтински започнале во 1920 година со две престолни икони на иконостасот и една празнична икона во црквата *Воведение на Богородица* или манастир Карпино во Сув Орах. Не е исклучена можноста и неколкуте икони од иконостасот во наосот на двојната црква *Св. Петка* во Пезово, во отсуство на година на изработка, да бидат неговите најрани и први почетоци на иконописното творештво во Кумановско



**Сл. 28.** Св. Кирил и Методиј, престолна икона, иконостас, манастир Карпино, 1920



**Сл. 29.** Св. Сава, празнична икона, иконостас, *Св. Параскева* во Руѓинце, 1921

(1919/20). Во неговите први иконографски дела може да се забележи груб сликарски израз, пластично и непропорционално прикажани ликови, веројатно поради немање доволно искуство, што не е случај со наредните дела, во кои просто не може да се препознае неговиот ликовен ракопис, како да се работи за друг зограф, но според неговата сигнатура, се работи за ист зограф.

Цели иконостаси изработил за црквите: *Св. Параскева* во Руѓинце (1921)*, Св. Ѓорѓи* во Куманово (1921 ?), *Св. Спас* во Романовце (1933), *Св. Петка* во Табановце

---

[18] Макуљевић Н., 2015, 30;

(1933/34), *Св. Никола* во Рамно (1935/36), *Св. Ѓорѓи Победоносец* во Пелинце (1936), *Св. Никола* во Облавце (1937), и *Св. Илија* во Орашац (1937/38). Кај сите нив ги слика вообичаените престолни икони со св. Богородица Одигитрија, Исус Христос Вседржител, св. Јован Крстител и патроните на црквата: св. Никола Чудотворец, св. Ѓорѓи Победоносец, св. Параскева, св. Илија, св. Прохор Пчињски, *Вознесение Христово* и *Воведение Богородичино*, неколку ликови од високи српски свештеници и кралеви (св. Сава Српски, св. Симеон Немања, крал Стефан Дечански, крал Милутин, цар Урош, кнез Лазар, мајка Ангелина, и др.). и сцените од дводелната композиција *Благовести* на царските двери. Од празничните икони покрај сцените од циклусот на *Големите празници,* допојасијата на апостолите и евангелистите, најчеста тема му е *Тајната*




**Сл. 30.** Иконостас, *Св. Параскева* во Руѓинце, 1921

*вечера*, а не е исклучена и сцената со *Св. Троица*. За претставата *Тајна вечера* директно се инспирирал од византиското сликарство од XIII и XIV век на манастирот Студеница и старонагоричкиот храм *Св. Ѓорѓи*, што може да се види по начинот на сликањето на трпезата и распоредот на апостолите околу неа. Во таков дух се изработени скоро идентичните икони за *иконосатасот* на *Св. Прохор Пчињски и Св. Никола* во Рамно.

Муфтински го следи примерот на средновековните сликарски манири и иконографија, а некаде користи и нововековни иконографски образци, особено во сцените со *Раѓањето Христово* и *Благовести*. На места, во одделни ликови, од рафиниран ликовен израз, применува груби сликарски потези во ликовите, како на пример на иконостасот во црквата *Св. Параскева* во Руѓинце (Сл. 30), *Св. Петка* во Пезово, *Св. Ѓорѓи*

во Куманово (Сл. 33 - 34), на дверите и престолните икони од иконостасот на црквата *Св. Спас* во Романовце. За престолните икони на св. Богородица и Исус Христос Вседржител, насликани во цел раст во руѓинската црква (Сл. 100 - 101), директно се инспирирал од иконите на црквата *Св. Троица* од Куманово, најверојатно изработени од Теофан Буџароски (?) од Галичник. Ерминијата на Буџароски од 1890 година, која претставувала препис од ермининијата на зографот Зафир Василков(иќ) од Дебар, е пронајдена токму кај Трајко Муфтински во Куманово, 1941 година[19]. Не е исклучена можноста дека Трајко се инспирирал од споменатата сликарска ерминија на Теофан Буџароски, кој главно творел во црквите од Врањската епархија, кој кај нас сѐ уште е недоволно познат зограф и резбар.[20]

Со посебна убавина зрачат ликовите од иконите на цели иконостаси во црквите: *Св. Петка* во Табановце (Сл. 118 – 131), *Св. Прохор Пчињски* во Кленике, Врањско



**Сл. 31 - 32.** Св. апл. Петар (лево) и св. Јован Крстител (десно), празнични икони, иконостас, наос, *Св. Петка во* Пезово, 1919/20 (?)

[19] Женарју И, 2015, 150; Ерминијата на Зафир зограф, настанала врз основа на ерминијата на зографскиот монах Иларион, која ја превел Христо Хаџи Константинов од Прилеп;

[20] Макуљевић. Н, 2015, 28 – 29; Теофан Исаилов(иќ) Буџароски, малку познат зограф и резбар, роден во Галичник, а живеел во Гњилане и Врање, оставил податоци за себе на повеќе икони: 1894 во ман. Св. Прохор Пчињски, 1896/97 г. на иконостасот на црквата во Сеаци, и на *Св. Ѓорѓи* во Сурдулица каде работел заедно со Ѓ. Зографски, 1900 г. на иконостасите во Раковац и Рељане; 1902 г. на иконостасите во *Св. Никола* во Врање; 1904 г., на дел од иконостасот на *Св. Никола* во Корбевац; 1906 г. на иконостасот од *Св. Никола* во Ѓуковац; 1906 -1908 г. на иконостасот во Краљева куќа; 1908 – 1910 г. на иконостасот во Стари Глог; 1909 г. на иконостасот во Крива Феја; 1912 – 1914 г. на иконостасот во Бресница и Владичин Хан.

(Сл. 132 - 141), *Св. Никола во* Рамно (Сл. 142 - 152), *Св. Ѓорѓи Победоносец* во Пелинце (Сл. 153 - 173), *Св. Никола* во Облавце (Сл. 174 - 185), и *Св. Илија* во Орашац (Сл. 186 - 202). Неговото совршенство се чувствува во ликовите на св. Богородица, Христос Вседржител, св. Никола Чудотворец и св. Јован Крстител, а особено ликот на св. архангел Гаврил од дводелната композиција *Благовести*, насликан на царските двери, на кого како пример му послужило сликарството на Димитар Андонов. Се гледа дека Муфтински тука го навестува неговиот современ ликовен јазик.

Поединечни икони изработил за неколку иконостаси: три за манастирската црква *Воведение на Богородица* на манастирот Карпино во Сув Орах (1920), и тоа: две






**Сл. 33 - 34.** Св. вмч. Ѓорѓи, престолна икона, детаљ (лево), и св. Климент Охридски, празнична икона (десно), иконостас, *Св. Ѓорѓи* во Куманово, 1921 (?)

престолни икони со *Воведение на Богородица во храм* (Сл. 92), патрон на црквата, каде го оставил својот потпис и годината, двојката *Св. Кирил и Методиј* (Сл. 28), и една празнична икона, двојката *Св. Петар и Павле*, закачена на северниот ѕид на нартексот (Сл. 93); за двојната црква *Св. Петка* во Пезово (1919/20), изработил десет икони за иконостасот во наосот, една престолна икона на св. Богородица со Христос (Сл. 91), и девет допојасни празнични икони: две со св. Параскева, патрон на црквата (Сл. 90), св. Јован Крстител (Сл. 32), и шест на апостолите: св. Петар (Сл. 31), св. Павле, св. Симон, св. Андреј, св. Јован, и св. Тома[21]; како и една подвижна икона со допотпојасието на св. Наум (1946) во новата црква *Св. Богородица* во Романовце, дарувана 1995 година од Киро Данев Аврамов од Куманово (Сл. 35).

[21] Крстиќ С., 2012а, 96 - 97;

Драстична разлика во сликарскиот стил се забележува на иконостасот во црквата *Вознесение Христово* (*Св. Спас*) во Романовце (1933), помеѓу повеќето празнични (*Раѓање, Крштевање и Воскресение Христово)* и престолни икони, на кои се забележуваат груби потези на ликовите, со нарушени анатомски пропорции (архангел Михаил, св. Богородица, Исус Христос Вседржител и св. Јован Крстител, насликани во цел раст), што просто, на прв поглед се добива впечаток дека работеле дваица зографи (Сл. 111 - 117). Меѓутоа се работи за ист зограф кој видно го менува ликовниот ракопис, а таа разлика особено паѓа в очи и на царските двери, каде во горната половина се насликани *Благовести* во совршен стил (Сл. 113 - 114), наспроти двајцата допојасни архиереи, св. Никола и св. Сава, на долната половина (Сл. 36).

Од сочуваните писма испратени до него, се дознава за неколку нарачки на икони, како што е писмото од 16.4.1925 г. за изработка на иконите од иконостасот во



**Сл. 35.** Св. Наум, сигн. Т. МУФ.
*Св. Богордица*, Романовце 1946




**Сл. 36**. Св. Сава, двери, детаљ,
*Св. Спас* во Романовце, 1933

црквата *Св. Илија* од Врањска Бања (Сл. 14 - 15), и писмото од 13.12.1956 година од парохот Георгије Љесковац од Медак во Лика, Р Хрватска, кој му нарачал икона на св. архангел Михаил (50 x 40 см.) во православен стил и натпис (Сл. 37 - 38). Оттука, може да се заклучи дека Трајко Муфтински имал нарачки низ цела бивша Југославија, но за жал не може да се потврди нивната точна бројка.

Повеќето од иконите ги изработил во темперна техника на даска, а пред да ги наслика за нив правел скици. Од неговата колекција во НУ Музеј - Куманово се наоѓаат две скици на хартија, цртежи со акварел, едната со композицијата *Преображение Христово* (Сл. 254), а другата *Скица за иконостас* (Сл. 27), мошне оштетени.


П. н. г.
Трајко Јовановић „Муфтински“
академ. сликар
г. Београд
Сајмиште, Румунски павиљон
I спрат десно.


**Сл. 37.** Писмо до Трајко Јовановиќ Муфтински од Георгије Љесковац од Медак, 31.1.1956


Медак 31-XII-1956

Поштовани пријатељу!

Сазнавши за Вашу иконографску радњу обраћам Вам се за следеће:

Пошаљите ми једну икону св. Арханђела Михаила промјера од прилике 50 x 40 а може много мање или више. Али само да је у православном црквеном стилу и на платну. По пријему исте послаћу Вам новац или пошаљите са поузећем што молим Вас по могућности одмах пошто ми иста треба одмах а по том ће ми требати још иконе.

Пошаљите на адресу: Георгије Љесковац парох
г. Медак
Лика.

Благодарно од Вас очекујем одговор.

**Сл. 38**. Писмо од парохот Герогије Љесковац од Медак, Хрватска, до Муфтински, со кое нарачува икона на архангел Михаил, 31.12.1956

## 3. *ФРЕСКОСЛИКАРСТВО*

Иако поретко, освен со иконопис, Муфтински се занимавал и со ѕидно сликарство. Во црковното сликарство на XX век, својот сликарски израз го формирал почитувајќи ги традиционалните начела на иконографскиот речник во кој повторно била оживеана средновековната уметност. Покрај религиозните теми, биле сликани портрети и цели фигури на високи српски свештеници и кралеви. Неговите први поголеми зафати ги започнал во манастирот *Св. Прохор Пчињски* во Кленике, Врањско, во 1934/35 година, заедно со монахот Лукијан Бибиќ, кој бил задолжен за геометриската декоративна програма во храмот. Муфтински, главно, ги насликал фреските на јужниот, западниот и северниот ѕид на наосот и во двата поткуполни простори. [22] На јужниот и северниот ѕид, на две нивоа се насликани цели фигури на крал Милутин, св. Стефан Дечански, пустоножителите: св. Јован Рилски, св. Гаврил Лесновски и св. Јоаким Осоговски, и цар Лазар маченик Косовски. Двете сцени од циклусот на *Големите празници*, *Сретение* и *Патот на Голгота,* се насликани како пандани, во највисоката трета зона, во поткуполните лачни траveи, на јужниот и северниот ѕид во наосот (Сл. 205 - 214). Интересно е да се спомене дека нарачател на фреската *Патот на Голгота* бил Радомир Стојилковиќ - Рацко, син на Миодраг Стојилковиќ, сопственик на првата автоматска мелница во Куманово (денешен „Житомел“), и внук на Живко Стојилковиќ од Лесковац, еден од најпознатите индустријалци во тоа време во Куманово, а од записот на самата фреска во долниот десен агол, се гледа дека Радомир ја дарувал оваа фреска за здравје на својот син и неговото семејство (Сл. 209).

Сцената со патронот на црквата, *Св. Прохор Пчињски зборува со ловецот*, се наоѓа во првата зона на јужниот ѕид на наосот. Токму оваа сцена привлекува внимание, бидејќи е поврзана со легендата за изградбата на двете цркви од Пчињското сливно подрачје, *Св. Ѓорѓи* во Старо Нагоричино и *Св. Прохор Пчињски* во Кленике, од XI век (Сл. 207). На фреската, од десна страна е насликан војсководецот Диоген во една пештера, клекнат на колена со лак и стрела до левата нога, пред ранетата срна и полуседнатиот овчеполски пустоножител св. Прохор. Видовитиот пустоножител му претскажал дека ќе стане цар, доколку не ја убие срната, велеќи му: „Диогене, иди у Цариградъ, будеш царь“. Војсководецот навистина станал византиски цар Роман IV Диоген и во знак на благодарност ја изградил црквата во Старо Нагоричино, посветувајќи ја на св. Ѓорѓи, чиј култ бил мошне почитуван како заштитник на владетелите во војните. Роман IV Диоген по смртта на св. Прохор го изградил и манастирот *Св.*

[22] Женарју И., 2015, 149 - 150; Лукијан Бибиќ, учел монашка и иконописна школа во манастирот Раковица, а добил стипендија од митрополитот Јосиф и се школувал во Белград, Минхен, Прага, Виена и Париз. За Трајко Јовановиќ - Муфтински, врз основа на потврдите од Управата на манастирот *Св. Прохор Пчински*, се вели дека го примил приборот за работа, туби со маслени бои и сликарски четки во 1934 година, кога бил вработен како сликар на осликување на ѕидовите на храмот. Бил задолжен и за сликање на иконите од иконостасот, а за двете работи, во еден момент бил исплатен со 5000 динари. Од Архивата на манастирот е сочувана потврда за примените бои, од 10 - 23.12.1934 година, и признаница за примените пари, од 30.11. - 13.12.1935 година.

*Прохор Пчињски*, во којшто и денес се наоѓаат неговите мошти. На западниот ѕид на наосот, јужно и северно од влезот се насликани две монументални сцени на кои е прикажан процесот на обновата на манастирот. Јужно од влезот е насликана сцена од секојдневниот живот, *Туторот Недељко Ковачевиќ го разгледува новиот план на црквата*, каде луѓето се облечени во народна носија со фесови на главата (Сл. 205), а како негов пандан, на северната страна, сцената *Игумен Владимир го разгледува планот на конакот и визија на игумените Вартоломеј и Мирон* (Сл. 206). Вакви сцени со народни носии започнуваат да се сликаат во Преродбата, а како новина прв ја внесува Димитар Андонов Папрадишки. Очевидно, Муфтински се инспирирал од неговиот претходник, навестувајќи го неговиот современ стил. Во централната купола е насликан Христос Пантократор, мошне оштетен, а на пандантифите четирите свети евангелисти (Сл. 39): Јован (ј/и), Марко (с/и), Матеј (ј/з) и Лука (с/з). Во куполата




**Сл. 39 – 40.** Фрески во централна купола (лево) и св. пророк Еремија, олтарска купола (десно), манастир *Св. Прохор Пчињски*, 1935

над олтарскиот простор, на пандантифите се насликани старозаветните пророци: св. Исаија (ј/и), св. Еремија (с/и) (Сл. 40), св. Илија (ј/з) и цар Давид (с/з).[23] Фреските во куполата ги работел по углед на манастирот Дечани.

Прашањето околу формулирањето на црковната уметност, односно почитувањето на традиционалните принципи од Средниот век во новиот живопис и иконопис, било особено важно за митрополитот Јосиф. Затоа, во големиот духовен центар каков што бил манастирот *Св. Прохор Пчињски*, програмата на црковното сликарство била конципирана во склад со делувањето на митрополитот. Во текот на 1934 година, Епархискиот управен одбор во Скопје го ангажирал Франц Месеснел, кустос историчар на уметност и конзерватор во Музејот на Јужна Србија во Скопје, професор на Филозофски факултет и дописен член на Скопското научно друштво, кој активно се бавел со проучување на средновековната уметност, да изврши увид во декорацијата

[23] Женарју И., 2015, 157 – 169;

на храмот и на иконостасот во манастирот. Сликаната програма на Муфтински во целост била изведена во склад со нарачателите.[24]

По завршувањето на сликарскиот ангажман во манастирот *Св. Прохор Пчињски*, кој се наоѓа блиску до Куманово, на границата со Р Србија, Муфтински продолжил со црковно сликарство во родниот крај. Повеќе бил ангажиран на сликање цели иконостаси, а единствениот фрескоживописен ансамбл каде што го достигнал својот најголем уметнички подем во црковното меѓувоено сликарство е манастирската црква *Св. Ѓорѓи* во Бељаковце позната како манастир Бељаковце, во 1937 година. Тука насликал цела плејада од фигури на светители, високи српски свештеници и владетели, како во манастирот *Св. Прохор Пчињски*. Во олтарската апсида насликал четворица архиереи, по двајца од обете страни на монофората, северно св. Никола Чудотворец и



**Сл. 41.** Фрески во олтарска апсида, манастир *Св. Ѓорѓи,* Бељаковце, 1937

св. Јован Златоуст, а јужно св. Спиридон и св. Сава Српски (Сл. 41). Во првата зона на северниот и јужниот ѕид во наосот насликал фигури во цел раст. Така, на јужниот ѕид, од исток кон запад се редат: св. Григориј Богослов, св. Прохор Пчињски, св. Арсениј, српски патријарх, и двојката крал Милутин и св. Петка. На северниот ѕид на наосот, од запад кон исток се редат: св. Мајка Ангелина, крал Стефан Дечански со модел на црквата в раце, двојката св. Антониј Велики и Гаврил Лесновски, и св. Василиј Велики, до иконостасот. Над сите овие ликови е насликан српскиот симбол на двоглав бел орел со флорална орнаментика (Сл. 216 - 224). Единствената сцена со *Судењето на св. Ѓорѓи*, патронот на црквата, ја насликал на западниот ѕид над влезот, чиј дарител е неговата мајка Ана (Сл. 215). Оваа сцена била отпечатена на разгледници

[24] Женарју И., 2015, 151;

како дел од тогашната југословенска уметност (Сл. 18). Полукружните сводни партии на страничните кораби и поткуполниот централен простор на храмот, Муфтински ги насликал со сина боја и мноштво ѕвезди, симбол на Небеското царство. Фигурите на светителите во наосот и олтарската апсида се насликани со просторна волуминозност што е одлика за сликарството на Преродбата од XIX век.[25] Во обликувањето на ликовите, главно сликани во фронтална поза, освен во олтарот, насликани во профил, е запазена симетричност, грижливост во обработката на деталите на облеката и ликовите, како и колоритот каде доминира сината боја. Покрај сината, најчесто ги користи



**Сл. 42.** Св. Никола, јужен ѕид, нартекс манастир Карпино во Сув Орах, 1920



**Сл. 43.** Св. Параскева, западна фасада *Св. Параскева* во Руѓинце, 1921

затемнетите бои: сивата, зелената, окер и црвената боја. Треба да се нагласи дека во ликовите е изразена една драматичност во обликувањето на нивните црти, што е очевидно дека се инспирирал од анонимниот нерешки зограф на византиското комненско сликарство од XII век. Ваквите претстави, Муфтински подинамично ги слика во третата и четвртата деценија на XX век.

Поединечни фрески има насликано на неколку светители, св. Никола во цел раст, на јужниот ѕид на нартексот (Сл. 42) во манастирот Карпино во Сув Орах (1920); на патронот на црквата *Св. Параскева* во Руѓинце (1921), фронтална фигура во цел раст

[25] Крстиќ С., 2012, 188 - 189;

на западната фасада, во лунетата над влезот (Сл. 43); допојасието на Богородица Оранта во олтарската апсида на црквата *Св. Спас* (*Вознесение Христово*) во Романовце (1934) (Сл. 204); и претставата на Бог – татко, портрет на старец со бела коса и долга бела брада со триаголен нимбус во голем кружен медаљон, на сводот, каде се потпишал на долниот раб „Тр. Ј. М.", во манастирот *Св. Илија* во Орашац, во 1937/38 година (Сл. 225 - 225а). Вршел корекции на ѕидното сликарство во двете истоимени цркви *Св. Богородица* во Пчиња и Студена Бара. Фреските во Студена Бара денес се покриени со нови, во 2011 година.[26] Можеби фреските во Студена Бара биле неговите најрани сликарски остварувања во кумановскиот регион, од крајот на втората и почетокот на третата деценија од XX век (1919/20). Во олтарската апсида ја насликал







**Сл. 44 – 45.** *Св. Ѓорѓи го убива змјот* (лево) и *Св. Димитрија го убива бугарскиот цар* (десно), западен ѕид, наос, *Св. Богородица* во Студена Бара, 1919/20 (?)

Богородица Оранта, допојасието на Исус Христос Вседржител во проскомидијалната конха, потоа попрсјата на апостолите св. Петар и св. Павле во кружни медаљони на источниот ѕид во олтарот, како пандани од попрсјата на евангелистите св. Марко и св. Матеј, на западниот ѕид во наосот. На јужниот и северниот ѕид во наосот биле насликани фигури на светители во цел раст: св. Никола, св. Прохор Пчињски, крал Стефан Дечански (Сл. 203), св. Илија, архангел Михаил, св. Атанасиј, св. Василиј и св.

[26] Новите фрески се изработени во период од 2008 до 2011 година од сопружниците Вера и Јован Тодоровски, педагошки ликовни уметници од Куманово;

Јован Крстител, а на западниот, ги насликал двете композиции: *Св. Димитрија го убива бугарскиот цар*, северно, и *Св. Ѓорѓи го убива змејот,* јужно од влезот (Сл. 44 - 45). Дека овие фрески биле дело на Муфтински, потврдува идентичната икона на Стефан Дечански од иконостасот на црквата *Св. Параскева* во Руѓинце (Сл. 103), каде што зографот се потпишал. За ликот на Стефан Дечански, Муфтински се инспирирал од српските зографи, поточно од фреската на еден од петмината српски достоинственици и кралеви насликани од Настас Стефановиќ во олтарот на Соборната црква во Белград, во втората половина на XIX век.[27] Иста таква идентична икона, со ликот на Стефан Првовенчани изработил сликарот Милисав Марковиќ во црквата *Вознесение Христово* (1895) во Јасеница, Неготин Краина, Р Србија.[28]

Муфтински работел фрескосликарство надвор од својата земја, во Србија и Војводина, Босна и Херцеговина (Сараево) и во Хрватска (Далмација). Освен во споменатиот манастир *Св. Прохор Пчињски*, работел фрески за соборната црква *Св. Ѓорѓи* во Крушевац. Во 40 - тите години на XX век ја изработил величествената фреска *Тајна вечера* во црквата *Покров на св. Богородица* во Белград (1942), а работел и за црквата *Св. Александар Невски*, исто така во Белград (1941/42 ?).[29] За сликарскиот ангажман во белградската црква *Покров на св. Богородица,* од автобиографските белешки се дознава дека работата ја добил на конкурс, и додека работел, многу често професорот д-р Владимир Петковиќ од Историско - уметничкиот факултет го посетувал со студентите и на лице место им ја објаснувал неговата уметност. Сочувано е писмото испратено до Муфтински со печат на споменатата црква (Сл. 16), во кое црковниот благајник го известува дека доколку не дојде во предвиденото време, нема да му биде исплатена сумата за сликарската работа во црквата (без датум ?). Од весникот *Обнова* (1942), се дознава дека сликарските ангажмани ги завршил во 1942 година (Сл. 61).

Следејќи го во целина црковниот ангажман на иконописот и ѕидното сликарство на Муфтински, слободно може да се каже дека во создавањето на неговите иконографски дела црпел инспирација од фрескоживописот на двата најзначајни византиски споменици во Кумановско од XIV век: *Св. Ѓорѓи* во Старо Нагоричино и манастирската црква *Успение на св. Богородица* во Матејче (манастир Матејче) од XIV век. Во тој поглед, голема заслуга имал и најпознатиот последен македонски зограф од Преродбата и првиот академски сликар кој творел во тоа време, Димитар Андонов - Папрадишки (1859 – 1954), а со кого Трајко Муфтински имал директни контакти, и очевидно го следел и се инспирирал од неговото творештво.

Иако, не се знае точната бројка на неговите иконогрфски дела во поранешна Југославија, во која тој живеел и творел, може да се заклучи дека создал над 600 икони за иконостасите и љубителите на религиозното црковно сликарство, како и пет до шест фреско - ансамбли во христијанските православни храмови.

[27] Макуљевић Н., 2007, 165;
[28] Крстиќ С., 2012, 134 - 135, Макуљевић Н., 2012, 88;
[29] Женарју И., 2015, 149 – 159;

**Преглед на иконографското творештво**

- *Св. Богородица во Студена Бара*, Кумановско: фрески (1918/19);
- *Успение на св. Богородица,* Секирије (Сикирје), Врањско: иконостас (1919)*;*
- *Св. Петка во Пезово*, Кумановско: иконостас во наос, една престолна икона св. Богородица со Христос, и 9 празнични икони: св. Петка (2), св. Јован Крстител, св. Симон, св. Тома, св. Петар, св. Павле, св. Андреј и св. Јован, (1919/20);
- Манастир Карпино (црква *Воведение на св. Богородица*) во Сув Орах, Кумановско: две престолни икони, *Воведение на Богородица во храм* и *св. Кирил и Методиј*, и една празнична икона *Св. Петар и Павле,* закачена на северен ѕид, нартекс, и една фреска на св. Никола, јужен ѕид, нартекс (1920);
- *Св. Димитрија* во Прешево, Р. Србија: иконостас (1920);
- *Св. Параскева* во Руѓинце, Кумановско: иконостас, и една фреска во лунета над влез, западна фасада, св. Параскева, патрон на црквата (1921);
- *Св. Ѓорѓи* во Куманово, иконостас (1921 ?);
- *Св. Ѓорѓи* во Белишево кај Владичин Хан, Р Србија: иконостас (1930/31);
- *Св. Спас* во Романовце, Кумановско: иконостас и една фреска со *Богородица Оранта* во олтарска апсида (1933);
- *Св. Петка* во Табановце, Кумановско: иконостас и фрески во наос (1934);
- Манастир *Св. Прохор Пчињски* во Кленике, Врањско, Р Србија: иконостас и фрески (1934/35);
- *Св. Архангел Гаврил* во Доња Трница кај Трговиште, Р Србија: иконостас и литиски бајраци (1934/35);
- *Св. Илија* во Радовница, Трговиште, Р Србија: иконостас и литиски бајраци (1934/35);
- *Св. Петар и Павле* во Бујановац: фрески и иконостас (1935);
- *Св. Никола* во Рамно, Кумановско: иконостас (1935/36);
- *Св. Ѓорѓи Победоносец* во Пелинце, Кумановско: иконостас (1936);
- *Св. Никола* во Облавце, Кумановско: иконостас (1937);
- Манастир *Св. Илија* во Орашац, Кумановско, иконостас и една фреска на свод, Бог – татко во кружен медалјон (1937/38);
- *Св. Ѓорѓи* во Крушевац, Р Србија: фрески (1940/41 ?);
- *Св. Александар Невски* во Белград, Р Србија: дел од фрески (1941/42 ?);
- *Покров на св. Богородица* во Белград, Р Србија: фрески (1942);
- *Св. Богородица* во Романовце, Кумановско: икона св. Наум, закачена на западен ѕид во наосот (1946);

## 4. *СОВРЕМЕНО СЛИКАРСТВО*

За Трајко Муфтински може да се каже дека е еден од основоположниците на современото сликарство и иницијатор за формирање на Друштвото на ликовните уметници во Куманово, заедно со Кирил Караџа (1900 – 1973). Од 26.7.1950 година бил член на Друштвото за применета уметност на Македонија (ДПУМ) (Сл. 21). Со формирањето на официјалната ликовна група на уметници „Кумановци“ во 1956 година, Муфтински честопати учествувал на нивните состаноци и се дружел со други помлади уметници.

Првите кумановски уметници имале завршено средно училиште, педагошка ликовна академија, а повеќето од нив завршиле ликовни академии кај познати реномирани професори во Скопје, Белград, Загреб, Париз, Прага и Софија. Тука, пред сè треба да се спомене, сè уште недоволно познатиот прв академски вајар од Куманово, Ефтим Андонов (1889 – 1926), кој првите две години се школувал на Художествено - историјалната академија во Софија а третата и четвртата година, во Париз и Белград.[30] Бројни се имињата на првите поствоени основоположници на македонското современо сликарство и вајарство: Добрин Трендафиловски - Добрин (1918 - 1995), Трајче Јанчевски (1928 - 2015), Војо Пантиќ (1928 - ?), Јосиф Трајковски - Ќуп (1929 - 2000), Бранислав Перчинковски (1931 - 2017), Драгутин Аврамовски - Гуте (1931 - 1986), Димитар Манасиевски - Мите (р. 1932), Драган Паневски - Дракче (1933 - 1985), Момчило Аврамовски - Чаѓе (1935 - 2018), Момчило Петровски - Моцо (1936 - 2014), Владимир Величковски (1936 – 2015), Вероључ Станковиќ - Бубцо (1936 - 1967) првиот, Велимир Ковачевски (1936 - 2010) вториот, и Тане Атанасовски - Гарски (1938 – 2006), четвртиот директор на Музејот во Куманово, и др. [31]

И покрај тешките и материјални услови во недостаток на изложбен простор, по 1958 година групните и самостојните изложби биле презентирани во салата на читалиштето на Градската библиотека „Тане Георгиевски“, во салата на КУД „Панче Пешев“ на поранешниот ресторан „Палас“ (на плоштадот во Куманово), во кафеаната „Авала“ – клупска просторија на ФЗЦ „Металец“, во салата на Градскиот Шах – клуб, и др.

Во слободно време, Трајко Муфтински сликал дела на сликарски платна со сцени од секојдневниот живот, како и сцени од христијанската религија. Иако се занимавал со ликовна дејност, многу малку ги презентирал делата на групни и самостојни изложби. Во периодот пред Втората светска војна, неговите дела биле изложувани во трговскиот дуќан на татко му, во Куманово (Сл. 2), што не се смета за презентирање. За време на неговиот живот организирал само една самостојна изложба од 70 дела, на 11 октомври 1960 година и тоа во салата на КУД „Панче Пешев“, во просториите на поранешниот ресторан „Палас“ во центарот на градот Куманово, кој

[30] Величковски В.,1979, 33 - 36;
[31] Атанасовски - Гарски Т., 1994, 135; Крстиќ С., 2018, 177 – 194; Божурски Г, 2019, 13 – 15;

се наоѓал кај денешниот Центар за култура „Трајко Прокопиев“. Сочувана е неговата покана за изложбата (Сл. 46 - 46а). Повеќето дела од неговата колекција во галериската збирка биле изложувани на неговата прва самостојна изложба, што може да се види од сочуваниот список на изложените дела (Сл. 53). Од сочуваните документи може да се види дека ликовната дејност во Куманово била доста развиена во 60 – тите години на 20 век, за што говори и поканата за изложбата на Драган Паневски и Велимир Ковачевски (Сл. 47 – 47а), плакатот за самостојната изложба на Димитар Манасиевски, како и оргнизирање на групни изложби, како што е изложбата посветена на Денот на армијата (22 декември) за кои и Трајко Муфтинскии бил известен да учествува со две дела, организирани од страна на Работничкиот универзитет во Куманово (Сл. 48).

Колекцијата на Муфтински содржи ликовни дела насликани во техниката масло на платно, на забла или даска, од различни жанрови, со теми од секојдневниот живот и теми од христјанската религија. Пред да ги слика, најпрвин работел скици и цртежи на картон, кој често ги боел. Имал големи тешкотии околу набавка на боите, и бил мајстор сам да ги изработува боите кои му биле потребни за сликање. Тајно ги подгот-





Работничкиот универзитет во Куманово Ве поканува да присуствувате на свеченото отворање на изложбата на ликовниот уметник

ТРАЈКО МУФТИНСКИ

што ке се изврши на 11-X-1960 год. во 11 часот во салата на КУД „Панче Пешев“

**Сл. 46 – 46а.** Покана од *Прва самостојна изложба на Муфтински*, Куманово, 11.10.1960

вувал *пурпурната* и *индиго* бојата. Своите сликарски платна ги импрегнирал исклучиво со природни масла, административно одбивајќи да употребува фирнајс. Многу малку имал доверба во фабричките бои, така што успеал од една боја да извлече повеќе тонови и да создаде свој личен ликовен израз.[32] Бил приврзаник на природата со зеленило и цвеќиња, што биле пресудни во создавањето на многу негови слики, особено пејзажите. Сликал теми од секојдневниот живот со етно - мотиви, портрети, автопортрети, мртви природи, животни, актови, екстериери, ентериери, и цртежи, но и неколку теми од модерното експресионистичко сликарство. Ја проучувал уметноста на старите цивилизации: Рим, Грција и Египет, а се инспирирал од средновековното и ренесансно сликарство.

Во периодот пред и по Втората светска војна насликал над двесте ликовни дела, но за жал, многу од нив се разнесени, подарени или откупени, во приватна сопственост

[32] Трајковски П., 1973, 357 – 358,

на семејства во повеќе градови на поранешните југословенски земји на Балканот, а за некои нема никакви сознанија. Од нив стотина дела се подарени на НУ Музеј – Куманово, кои денес се чуваат во современата ликовна збирка на Одделението за историја на уметност (Уметничка галерија). Дваесеттина ликовни дела, главно изработени во маслена техника на платно припаѓаат на профаното сликарство, а останатите кои се во значително поголем број се со иконографска тематика.

Од современото профано сликарство со теми од секојдневниот живот најмногу сликал екстериери (пејзажи со градски, селски и приморски мотиви, птици и животни), ентериери (*Семејство*, *Мртва природа*, *Зографот Димитрие на болничка постела*, *Птица во кафез, Огниште* итн.) и портрети. Од пишаните извори се дознава дека недостасуваат повеќе негови ликовни дела: цртежи, акварели, автопортрети, портрети, актови, темите: *Вршидба*, *На изворот*, *Срна на изворот*, *Коњ бегалец*, *Магаре*, *Риба црвеноперка*, *Чергари*, *Циганка, Ручек, Одмор, Зима, Орото на костурите*...

Во пејзажите со селски мотиви, покрај реки, извори и потоци, планини и дрвја или шуми, се насликани елементи типични за традиционалната народна архитектура: куќи, трла, амбари, селски двор со плетена ограда од гранки (плот), бунари со герма,


ВО ЧЕСТ НА 11 ОКТОМВРИ РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВЕ
ПОКАНУВА НА ОТВОРАЊЕТО НА ПРВАТА ЗАЕДНИЧКА

ИЗЛОЖБА

НА ПАНЕВСКИ — ГРАФИЧАР И
КОВАЧЕВСКИ — ВАЈАР,
КОЈА ЌЕ ТРАЕ ОД 4-X- ДО 9-X-1960 ГОД. ИЗЛОЖБАТА ЌЕ БИДЕ
ОТВОРЕНА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА КЛУБОТ „МЕТАЛЕЦ" НА
4-X-1960 ГОД. ВО 17 ЧАСОТ.

Работнички универзитет
Куманово




**Сл. 47 – 47а.** Покана до Муфтински за заедничката изложба на кумановските уметници *Драган Паневски,* графичар и *Велимир Ковачевски*, вајар, 6.10.1960

камени корита, копи со слама, итн. Селските пејзажи исто така се збогатени со по некоја човечка фигура или некое животно (коњ, бик, магаре, овци, срна, мачки, живина и др.) или без нив (*Пејзаж, Трло*, *Вршидба*, *Селски двор*, *По поплавата*, *Селски мотив, Две куќи*, *Селска куќа*, итн.). Се забележуваат слободни потези на четките каде контурите на елементите се губат во доминантни сиви, сини, окер и зелени тонови. Тука спаѓаат и сликите со градски мотиви, особено мртвата природа (*Пазар*, *Корпа со овошје*, *Ружи*, *Вазна со цвеќе*... ).

Во делото *Жена со палета* (1927), едно од неговите најрани и најубави дела, е претставена млада жена, вистинска муза на уметноста. Младата жена насликана во преден план на десната страна од сликата, облечена во долг, бледосин фустан со набори, која во рацете држи палета во разни бои, седи на еден керамички сад од кој

тече изворска вода во природа опколена со дрвја, река и карпа. На средината од сликата, исто така во преден план, седат две мали момчиња (аморчиња) со сликарски четки во едната рака, а кај едното од нив и палета во другата рака, како сликаат на бел свиток, до грст разнобојни цвеќиња (Сл. 226). Очевидни се ренесансните влијанија од италијанските сликари Рафаело Санти, Леонардо да Винчи и Тицијано Вечелио, со една порака за препород и слободно изразување во уметноста.

Во пејзажот *Селски мотив* се прикажани две куќи во позадината, а пред нив, во дворот се насликани копи со слама, како и патека која води до куќата. Се забележуваат широките потези на сликарската четка, што е одлика на импресионистичкиот правец. Доминираат сиви тонови проткаени со сина, зленкасто - кафеава и окер боја, типични за есенски период (Сл. 228). Во импресионистички манир е и композицијата *По поплавата*, на која е прикажан селски мотив со две помошни згради (плевна и амбар), на левата половина од сликата. Пред зградите има надојдена вода, која ја поминуваат две фигури. Едната поголема машка фигура во движење, носи друга женска фигура качена на раменици (Сл. 227). Сликана е со широки потези на четката, доста флуидно, при што се губат контурите не само на фигурите, туку и на сите елементи што ја сочинуваат сликата. Насликана е во едно сфумато, без поголеми контрасти во осветлувањето, што уште повеќе се акцентира со сивилото на боите. Со доминантни сино - сиви тонови, белег на едно тмурно време, е насликана и композицијата *Селска куќа* (Сл. 229). Акцентот на селскиот мотив е куќата изѕидана од камен, покриена со двосливен покрив, вкомпонирана во централниот дел на сликата. На преден план, е насликан двор ограден со плетени гранки, типичен за селската градежна традиција. Во десниот агол во оградениот двор, до куќата е насликан легнат бик. Спротивно од легнатиот бик, во левиот агол се насликани две копи со слама. На левата страна, пред оградата е насликан бунар со герма, и кофа до бунарот. Зад централната претстава, надвор од дворот, се насликани разгранети дрвја и темни облаци, а од нив се издвојуваат две тополи од десната страна на сликата. Авторот сликал со слободни потези на четката. Со сличен селски мотив е и композицијата *Трло* (Сл. 230). И овде е насликана скромна куќичка, трло со двор. Дворот е ограден со плетена ограда од гранки (плот). Овците влегуваат во трлото од десната страна на влезот, а на влезот седи овчар со ведро, чии контури се губат, одвај се распознаваат.. Во горниот десен агол се гледаат дрвја кои одбежуваат мала шумичка, спротивно од нив, во левиот агол се наоѓаат повеќе стебла, како дел од шумичката, а пред едно поголемо дрво, се наоѓа бунар со герма. Во непосредна близина на бунарот се насликани камења и едно корито за поење на добиток. Позадината е растреперена со црвенкасто небо, што ни дава за право да констатираме дека авторот сакал да прикаже мотив на зајдисонце. Присутни се сиви, сини и зелени тонови. Целата композиција е насликана без поголеми контури на предметите и без поголеми контрасти на боите, во импресионистички стил.

Недовршената скица и слика *На изворот* (?), од колекцијата на Муфтински говори за тоа како изгледала оригиналната слика од оваа композиција, изработена во техниката масло на платно, која според списокот на изложени дела во 1960 година,

била изложувана на неговата прва и единствена самостојна изложба, а која сега се наоѓа во нечија приватна сопственост. На недовршената слика се гледаат слободни потези од нанесените бои и груби контури без нивно дооформување (Сл. 232). На средината од сликата е прикажана вода (извор) со сина и нијанси на бела боја, која тече од зад бело варосаната куќичка, насликана од десната страна, до која води една патека со окер боја. Во позадината се гледаат бледи планински врвови во светлосини, бели и светловиолетови нијанси. Од левата страна на сликата се забележуваат повеќе недефинирани дрвја, а на крајното, подефинирано од нив, се наѕира една седната човечка фигура, качена на дрвото, како свири на шупелка. Долу, под дрвото е насликан грубо дефиниран коњ со кафеава и нијанси на жолта боја, свртен кон куќичката Можеби тоа е скицата за *Коњ бегалец*, или пак, не се работи за коњ, туку за срна, бидејќи недостасува и делото *Срна на изворот.* За жал, допрва треба да се истражи современото сликарство, кое во значително голем број, недостасува.


DO

Trajko Muftiski
ul.I.R.Lola br.45
KUMANOVO

Klubot ljubiteli na likovnata umetnost pri Rabotničkiot Univerzitet Kumanovo na svojot redoven sostanok održan na 16.XII.1960 godina donese rešenie da vo čest na 22 dekemvri "Denot na JNA" uredi edna zaednička izložba po pat na što da se afirmira klubot, odnosno negovoto postoenje.

Ve izvestuvame deka i Vie kako člen na ovoj klub treba da učestvuvate so najmalku dve svoi raboti, koi ke treba da gi prigotvite i na den 21.XII.1960 godina da gi donesete vo Rab.Univerzitet-Kumanovo.

So drugarski pozdrav,

Pretsedatel
D.Manasievski,

**Сл. 48.** Известување од Работнички универзитет – Куманово до Муфтински за учество на групна изложба со најмалку две свои дела, по повод 22 декември, Денот на ЈНА, 16.11.1960

Делото *Пејзаж* претставува една слободна композиција во природа со извишени брда богати со вегетација од шума и планинско цвеќе. Во подножјето тече река низ која се гледаат камења. Во горниот дел, иако сосема малку, се наѕира црвено небо коешто го прикажува пејзажот во зајдисонце. Главно преовладуваат зелени и сини тонови со доста лесни потези, што дава впечаток на скица, недовршена слика (Сл. 231). Отстапува делото *Борба на бик со волк* на кое животните во преден план се насликани со контраст од светло - темни нијанси, во момент на зајдисонце (Сл. 244).

Муфтински успешно ги слика и ентериерите (*Мртва природа*, *Болен во постела*, *Семејство...* ). Од неговата колекција во галериската збирка се наоѓаат две дела со мртва природа. Во *Мртва природа 1* (*Корпа со овошје*) е насликана корпа со овошје во централниот дел на сликата, поставена врз маса прекриена со прекривка во светловиолетова и нијанси од сина боја Во позадината се наѕира сина драперија. Целата композиција е осветлена со светлина која доаѓа од левата страна. Корпата со овошје е насликана со доста слободни потези во кафеави, окер и сини тонови и заедно со масата и позадината претставува колористички издржано ликовно дело (Сл. 239). Во втората тема *Мртва природа 2* (*Ружи*) е насликано керамичко грнче со една рачка, со кафеава и нијанси на окер боја, во кое се наоѓаат една бела полурасцветана и три расцветани црвени рози, кои се издигаат над мноштво темнозелени листови. врз прекриена маса. На самата маса има елементи од зеленчук. Масата е покриена со чаршаф во светлосини и розови нијанси. И позадината е насликана, исто така, со светлосини и розови нијанси (Сл. 237). Третата тема со мртва природа *Вазна со цвеќе*, изработена во техника масло на лесонит, слична на *Мртва природа 2*, која авторот ја подарил на Петар Трајковски (1961), денес се наоѓа кај неговиот син Миле Трајковски - Манте. од Куманово. Насликана е керамичка вазна со шест расцеветани рози во повеќе бои, бела, жолта, розова и темноцрвена со нијанси на бела боја, и две полурасцветани рози во светлоцрвенкаста и светлорозова боја, кои се издигаат над темнозелени листови. Вазната со кафеава боја разбиена со окер нијанса е поставена врз маса со светлосина покривка од која во преден план се нагласени наборите. Позадината е насликана со светлосина, сива и нијанси на виолетова боја (Сл. 238).

Големо внимание привлекува композицијата *Зографот Димитрие на болничка постела*, која била изложувана и на неговата прва и единствена самостојна изложба во просториите на некогашното КУД „Панче Пешев“ во Куманово, 1960 година, и подоцна постхумно, во 1968, 2013 и 2019 година во Уметничката галерија во Куманово. Овде, на болничката постела е насликан последниот македонски зограф и прв основоположник на македонското современо сликарство Димитар Андонов Папрадишки, непосредно пред неговата смрт, 1954 година, со кого Муфтински бил еден од најблиските пријатели и соработници, од кого го научил и усовршил зографскиот и сликарскиот занает внесувајќи во своите дела нов современ ракопис. Централната претстава со болниот, стар и изнемоштен сликар и зограф, кој лежи покриен во креветска постела, е насликана во домашен амбиент. На ѕидните полици во собата се гледаат минијатурни скулптури, грст сликарски четки во мала керамичка вазна, закачени уметнички слики на ѕидовите, својствени за големиот македонски уметник. Од левата страна на креветот се наоѓа мала масичка прекриена со жолта прекривка, врз која се гледа чинија и чаша со кои се служел болниот. На подот до масичката е насликана керамичка стомна за вода. Десно од креветот се наоѓа дел од мебел, натказна со светлокафеава и нијанси од виолетови бои. Целата композиција е насликана во темна гама со окер, сини, светлосиви, кафеави и виолетови бои (Сл. 245).

За разлика од селските, во езерските и приморските пејзажи, Муфтински се

инспирирал од прекрасното Охридско Езеро и Јадранското Море, кога престојувал во Охрид и во Далмација, особено во Дубровник и Опатија (*Капачи*, *Риби*, *Опатија*, *Пејзаж*, *Сликар во Опатија*, итн.). Широките потези на четките успешно се вклопуваат во зелено - сините нијанси на морската вода и бројните палми, светло - темните нијанси од окер боја на приградските куќи и крајбрежните кајчиња, камените патеки, импровизираните тремови за заштита од сонце, покриени со слама, како и делови од романичката архитектура (камбанарии, цркви и тввардини). Се гледа дека авторот и во селските и во приморските пејзажи се инспирирал од големите француски импресионисти Клод Моне, Пол Сезан, Пол Сињак и Камиј Писаро.

Во делото *Капачи* (1958) е прикажана приградска населба, покрај езерски брег, сместена во предел со раззеленети дрвја. Според архитектурата на неколкуте бело



**Сл. 49.** *Опатија,* 28,5 x 20 см. темпера на картон,
сопственост на Игор Даштевски од Куманово, правнук на Муфтински

варосани куќи, покриени со четворосливен покрив од темноцрвени ќерамиди, со мали и тесни прозорци, насликани на десната половина на сликата, најверојатно се работи за Охридското Езеро. На преден план е насликан трем на 4 дрвени греди, покриен со слама, и два кораби во мирување, кои лежат на брегот од аморфни камења. Брегот од езерската вода е преграден со низа од дрвени колци во темнокафеава боја. Во езерото со светлосина и нијанси на зелена и бела боја, се прикажани попрсја на две момчиња во профил како се капат. Целата композиција оддава свежина со доминантни светли тонови од сина, зелена, окер, сива и темноцрвена боја (Сл. 236).

Колекцијата на Муфтински содржи две дела со приморски пејзажи од Јадранското Море, Во првата тема, најверојатно *Опатија*, се насликани куќи за летување

сместени во богати зелени парковски и цветни површини. Самите градби и хоризонталните патеки со разбранетата вода на долниот дел од сликата, го прават мотивот раскошен. Небото се издвојува по начинот на сликањето, доста префинето, насликано со топли бои, со црвени и жолти нијанси истакнувајќи го зајдисонцето. Останатите делови од површината се насликани со слободни потези на четката во зелена, темносина, окер и на места темноцрвена боја (Сл. 234). Во втората тема, *Пејзаж,* најверојатно од Дубровник, во кој се насликани утврдени градби со елементи на романички стил, каква што е камбанаријата од десната страна, која припаѓа на катедрална црква, типична за приморска Далмација. На горната лева половина е насликана тврдина во жолтеникава - окер боја, а рабовите, најгоре, со црвенкаста боја, без назначени контури. Просторот околу овие два објекта е исполнет со палми и дрвја во зелена, со нијанси на сина и црвенкаста боја. Во долната лева половина е насликано морето со сини и зелени нијанси, а на средината од сликата се наоѓа кајче во мирување, со окер боја, врзано за едно од дрвените колчиња, кои ја чинат оградата на патеката насликана со окер нијанси, покрај морскиот брег. Целата слика е прикажана со топлина и леснина преку слободни потези на четката во импресионистички манир (Сл. 235).

Во портретното сликарство, пак, доаѓа до израз графичкиот реализам во обликувањето на ликот, како што се: *Автопортрет*, *Портрет на мајка ми* (Ана), и *Портрет на татко ми* (Јован). Неговите автопортрети и портрети се разнесени во разни места низ цела бивша Југославија, а единствениот *Автопортрет* се наоѓа во приватна сопственост кај неговиот правнук Игор Даштевски од Куманово (Сл. 246). Изработен е во техника масло на картон со мали димензии, некаде околу 1927/28 година, на негова 32 или 33 - годишна возраст. Можеби е дело од неговата дипломска работа (?). Инкарнатот на лицата го слика со окер боја, а облеката со темни бои, црна, кафеава и темносина боја. Двата портрети на неговите родители, се насликани во овални медаљони, едниот со темнокафеава, а другиот со окер позадина, со една воздржана смиреност, а од благата насмевка на ликот на мајката се чувствува сета нејзина мајчинска љубов (Сл. 247 и 248).

Реалистичкото сликарство доаѓа до израз и во неговите дела од секојдневниот живот: *Пазар*, 1954, *Семејство* (*Свирач на тамбура*), *Покрај мангалот*, *Огниште, Птица во кафез* (*Канаринка*) итн. За композицијата *Пазар* (1954), Муфтински се инспирирал од еден значаен дел на градскиот простор, т.е. од пазарот во Земун (Белград), каде што повеќе време живеел. Во централниот дел се прикажани тезги во перспектива. На преден план, долу, од лева страна е насликан еден селанец кој седи на буре, а пред него фигура на коњ, додека наспроти нив, од десната страна два истоварени коша, големи корпи исплетени од гранки полни со земјоделски производи. Во позадината, зад тезгите се насликани повеќе згради, меѓу кои една црква со камбанарија во романички стил (Сл. 240). Синото небо е проткаено со румени облачиња. Целата композиција оддава смиреност, како во поглед на просторот, така и во поглед на боите. Во темата *Огниште* се инспирирал од селскиот сиромашен живот, со извесна социјална компонента. Става акцент на етно - мотивите од народната покуќнина,

носијата, обичаите и секојдневните работи на жената (предење, нишање колевка на бебе, месење тесто на трпеза итн.) и мажот (ронење на пченка во кош, пушење лула итн.). Трите жени и двајцата мажи седнати на троножци, се насликани со сиви, кафеави и жолтеникави нијанси (Сл. 241). Авторот на маестрален начин ни ја доловува домашната семејна атмосфера на целосно осветлениот простор од пламенот на изѕиданото огниште поставено на средина од ѕидот во позадината на сликата, над кое виси котле. Народната носија, особено кај мажите, карактеристична за периодот во кој твори авторот, ни ја претставил и во композицијата *Семејство*, млад брачен пар со бебе во пелени каде мажот кој свири на тамбура е облечен во ориентална машка носија со фес на главата, како на дел од фреските во манастирот *Св. Прохор Пчињски* (Сл. 243).

Освен сцени со етно елементи, сликал алегориски сцени со животни, инспириран од народните поговорки, особено за мачката и глушецот. Во таков дух е и делото *Птица во кафез* (*Канаринка*) на кое, мачката ја демне птицата во кафез качен на натказна, но не може да ја дофати, а исто така и глушецот долу во левиот агол, рибата во аквариумот. Доминантни се светлосивата и кафеавата боја (Сл. 242).




**Сл. 50 - 51.** *Во дворот*, 40 x 29 см. (лево) и *Мртва природа* (*Овошје*), 25 x 20 см.(десно), темпера на картон, сопственост на Игор Даштевски, правнук на Трајко Муфтински

Четири дела изработени во темперна техника, повеќето од нив изложувани на неговата *Прва самостојна изложба* во Куманово, 1960 година, а кои авторот ги оставил на единствената ќерка Видосава Даштевска, денес се наоѓаат кај неговиот правнук Игор Даштевски. Се работи за делата: *Опатија* (Сл. 49), *Во дворот* (Сл. 50) *Мртва природа* (*Чинија со овошје*) (Сл. 51), и *Сликар во Опатија* (Сл. 231). Делото *Опатија* е речиси идентично со она од галериската збирка, изработено во техниката масло на платно (Сл. 234).

Муфтински не ги одминал ниту темите од револуционерните збиднувања кои оставиле длабоки траги врз него, во кои и самиот тој бил директен учесник, од периодот на Балканските, Првата и Втората светска војна, за што говори, исто така, списокот на изложените дела на неговата прва самостојна изложба во Куманово, а за

кои денес нема сознанија каде се наоѓаат. Се работи за темите: *Сестра на револуционер* (темперна техника), *Далматинец во пресрет на италијански фашист* (масло на платно), *Крај мртвиот другар* (темперна техника) .....

Според списокот на изложени ликовни дела на Првата самостојна изложба на Трајко Муфтински во Куманово во 1960 година (Сл. 53), од насловот на делото *Диоген и Александар Македонски*, изработено во темперна техника, за кое денес нема никаква трага каде се наоѓа, се гледа дека тој се инспирирал од богатата античка цивилизација која ја проучувал за време на студиите.




**Сл. 52.** *Акт на маж*, 9 x 14 см. цртеж со туш (недовршен)



SPISOK
na eksponatite izloženi na izložbata na likovniot
umetnik TRAJKO MUFTISKI

TEMPERA
1.Ruži
2.Ripki
3.Ciganka
4.Sektaš
5.Opatija
6.Gotvač
7.Odmor
8.Ruček
9."Čistota"
10.Ribarova kuća
11.Trlo
12.Sestra na revol.
13.Magare
14.Stolbovi
15.Konj-begunec
16.Riba crvenoperka
17. Vršidba
18.Crvena riba
19.Glava na starec
20.Stilizovani ribi
21.Zima
22.Žed za ljubovta
23.Majka
24.Diogen i Al.Makedonski
25.Slikar vo Opatija
26.Selo
27.Niz temninata na životot
28.Kopači
29.Portret
30.Selski dvor
31.Vo dvorot
32.Večna veselba
33.Kraj mrtviot drugar
34.Mrtva priroda
35.Čergari
36.Sv.Arhangel(minijatura)
37.Sta iot odža
38.Pelivani

CRTEŽI
39.Semejstvo
40.Pejsaž
41.Pokraj ognot
42.Selo
43.Pokraj mangažot
44.Nasilnik

MASLO
45.Borba
46.Sevdah
47.Loš sluga
48.Opatija
49.Zografot Dimitrije na bol.post.
50.Selska kuća
51.Pazar
52.Portret na mojot tatko
53.Po poplavata
54.Mrtva priroda
55.Na izvorot
56.Noć
57.Zima
58.Ohrid
59.Mrtva priroda II
60.Dalmatinec vo presret na ital.fašista
61.Kanarinka

IKONOGRAFIJA
62.Sv.Petar(orig.freska)
63.Arhangel Mihail(orig.)
64.Sv.Marko(orig.)
65.Tajna večera(orig.)
66.Hristos pred Hajafa(kopija od crkvata vo St.Nagoričane)
67.Bogorodica(orig.)
68.Sv.Jovan(kopija)
69.Sv.Nikola (orig.)
70.Sv.Gjorgji(orig.)

**Сл. 53.** *Список* на 70 изложени дела на изложбата на Трајко Муфтински, 11.10.1960

Во едно од споменатите дела во написите на Петар Трајковски, *Орото на костурите*, може да се заклучи дека Муфтински сликал и дела со мистични теми во кои се чувствува страв (*Господова казна*).[33] Во таков мистичен манир, најверојатно било и делото *Низ темнината на животот, изработено* во темперна техника, кое било изложено, исто така, на неговата прва и единствена самостојна изложба во Куманово, 1960 година.

33 Трајковски П., 1973, 359;

**Список на дела од неговата прва и единствена самостојна изложба изложени во салата на некогашното КУД „Панче Пешев“ во Куманово, 11.10.1960**

*Ликовни дела во темперна техника:*

1. „Ружи“
2. „Рипки“
3. „Циганка“
4. „Секташ“
5. „Опатија“
6. „Готвач“
7. „Одмор“
8. „Ручек“
9. „Чистота“
10. „Рибарева куќа“
11. „Трло“
12. „Сестра на револуционер“
13. „Магаре“
14. „Столбови“
15. „Коњ – бегалец“
16. „Риба црвеноперка“
17. „Вршидба“
18. „Глава на старец“
19. „Црвена риба“
20. „Стилизирани риби“
21. „Зима“
22. „Жед за љубовта“
23. „Мајка“
24. „Диоген и Александар Македонски“
25. „Сликар во Опатија“
26. „Село“
27. „Низ темнината на животот“
28. „Капачи“
29. „Портрет“
30. „Селски двор“
31. „Во дворот“
32. „Вечна веселба“
33. „Крај мртвиот другар“
34. „Чергари“
35. „Мртва природа“
36. „Св. Архангел“ (минијатура)
37. „Стариот оџа“
38. „Пеливани“

*Цртежи:*

39. „Семејство“
40. „Пејзаж“
41. „Покрај огнот“
42. „Село“
43. „Покрај мангалот“
44. „Насилник“

*Масло на платно:*

45. „Борба“
46. „Севдах“
47. „Лоша случка“
48. „Опатија“
49. „Зографот Димитрие на болничка постела“
50. „Селска куќа“
51. „Пазар“
52. „Портрет на татко ми“
53. „По поплавата“
54. „Мртва природа 1“
55. „На изворот“
56. „Ноќ“
57. „Зима“
58. „Охрид“
59. „Мртва природа 2“
60. „Далматинец во пресрет на италијански фашист“
61. „Канаринка“

*Иконографски дела:*

62. „Св. Петар“ (оригинална фреска)
63. „Архангел Михаил“
64. „Св. Марко“
65. „Тајна вечера“
66. „Христос пред Кајафа“ (копија од старонагоричка фреска)
67. „Богородица со Христос“
68. „Св. Јован“ (копија од старонагор.фреска)
69. „Св. Никола“
70. „Св. Ѓорѓи“

Иако ретко, Муфтински се обидел да слика и во експресионистички стил, со едноставен и директен ликовен јазик, со силен колорит, динамичен потег на четката и деформирање што ја зголемува изразноста на сликата. Во тој стил е единственото негово дело *Композиција* (Сл. 249), каде насликал мотив од староградската охридска архитектура, како што сликал и Лазар Личеноски, со слободни потези од жолта и сина боја, со акцент на белата, но, иако помалку, застапени се темноцрвената и кафеавата боја.

Се гледа дека Муфтински бил немирен дух, освен за иконографија, бил заинтересиран и за модерната уметност, каде го достигнал својот врв, што е резултат на неговите студиски престои и контакти со уметниците во неколкуте европски градови. Впрочем, за тоа говорат и неговите веќе споменати ликовни дела кои настанале под влијание на неколкуте правци во современата уметност: реализам, импресионизам и експресионизам.

Посебно богатство во опусот на Муфтински претставуваат цртежите. Од нив многу се загубени или можеби некаде засолнети и сè уште неоткриени. Денес, и онака малку сочуваните цртежи, речиси сите се сопственост на неговиот правнук Игор Даштевски, освен еден, сопственост на правнуката Милена Даштевска - Малохоџиќ. Се гледа дека го сакал цртежот и постепено го усовршувал. Го надополнувал со акварелски бои, кои претставуваат нешто оригинално во неговата сликарска работа: *Риби*, *Пеливани, Овчарче*, *Пејзаж, архангел Михаил*, *Пејзаж со Распетие Христово, Морско крајбрежје*, *Пристаниште*, *Две крави*, *Клун*, *Распетие Христово* (Сл. 250 - 261). Тука спаѓаат и актовите. Нема сомнение дека за актовите се инспирирал од Влахо Буковац. Во тоа време кога изложил еден женски акт во дуќанот на татко му, за кумановската јавност било вистинска сензација. За жал, сите актови се разнесени по различни места од нарачателите. Има сочувано само еден акт, *Акт на маж*, цртеж насликан со црн графит на позадината на една разгледница (Сл. 52).

Кога зборуваме за современото сликарство, покрај профаното, неминовно е да се споменат и **ликовните дела со теми од православната христијанска религија**, изработени во техника масло на платно, на забла, на лим, на даска или на шпер - плоча. Во ликовната збирка на Уметничката галерија во Куманово, колекцијата на Трајко Муфтински поседува 80 - тина дела со религиозна содржина, а од нив 15 - тина се од непознати автори, негови блиски пријатели. Застапени се портрети и цели фигури на светители, пророци, апостоли и евангелисти, како и дел од неколку сцени од циклусот







**Сл. 54 – 56.** Од отворање на изложбата: *Кумановски ликони уметници - посмртно К. Караџа и Т. Муфтински,* Уметничка галерија – Куманово, 11.11.2013

на *Големите празници* и *Христовите страдања.* Насликал цели фигури на Исус Христос Вседржител (Сл. 280), св. Никола (Сл. 273), св. Марко (Сл. 274), св. Ѓорѓи Победоносец, св. Архангел Михаил, св. Илија, св. Параскева, св. Јован Крстител (Сл. 266 - 270) и св. Пантелејмон (Сл. 276). Ја насликал и несекојдневната сцена, *Веста на ангелот на св. Захариј за зачнувањето на св. Јован Крстител* (Сл. 281). Посебно совршенство постигнал во портретите на Исус Христос Вседржител (Сл. 263), Богородица Одигитрија (Сл. 279 и 294), св. Никола (Сл. 265) и евангелистот Лука (Сл. 262), кој очевидно се инспирирал од сликарството на Андонов, и браќата Дичиќ (Крсто и Никола Аврамови - Дичови ?, синови на Аврам Дичов, или пак, Крсто Аврамов со татко му Аврам Дичов ?) кои работеле во Бељаковскиот манастир (1901/02?), а во кој тој подоцна ги изработил фреските во наосот и олтарската апсида во 1937 година. Највпечатливи се двете сцени со *Тајна вечера,* изработени во техника масло на платно (Сл. 278 и 285). Слична таква композиција (Сл. 285) насликал на иконостасите во манастирот *Св. Прохор Пчињски* (Сл. 132) *и Св. Никола* во Рамно (Сл. 143). Особено внимание привлекуваат двете копии на фрески од XIV век од црквата *Св. Ѓорѓи* во Старо Нагоричино (Сл. 297 и 298), едната, *Христос зборува со Марија и Марта* како дел од циклусот на *Параболите Христови, и* другата, *Судењето на Христос пред судијата Ана* како дел од циклусот на *Страдањата Христови*, изработени во техника масло на платно. Меѓу маслените слики на платно и лим, се наоѓа и една оригинална фреска на малтер со допотпојасието на св. Петар, идентична копија од истата фреска од старонагоричкиот храм од XIV век, насликана на југозападниот столб (Сл. 292).

Со посебно совршенство ги насликал неколкуте сцени од циклусот на *Големите празници*: *Благовештение* (Сл. 288), *Раѓање* (Сл. 294), *Крштевање* (Сл. 272) *и Оплакување Христово* (Сл. 286), потоа, *Чесните вериги на св. Петар* (Сл. 271), *Св. Ѓорѓи го убива змејот* (Сл. 284), двојката *Св. Петар и Павле* (Сл. 282), *Св. Јован Крстител* (Сл. 283), копија од фреска на Марков манастир во Сушица, Скопско, и *св.* евангелист Марко (Сл. 290 и 296). Тука треба да се споменат и двете ликовни дела изработени во темперна техника на даска, кои авторот ги подарил на неговите дваица блиски пријатели, Петар Трајковски (1961) и Тане Атанасовски - Гарски (1962/63). Се работи за допотпојасието на *св.* вмч. *Ѓорѓи,* денес сопственост на синот на Петар Трајковски, Миле Трајковски - Манте од Куманово (Сл. 293), и *Раѓање Христово*, денес сопственост на синот на Т.Атанасовски - Гарски, Љупчо Атанасовски од Куманово, кои пленат со својата совршена убавина (Сл. 294).

Може да се забележи дека, како во црковното сликарство, така и во ликовните дела со теми од хистијанската религија, видливи се разликите во начинот на изразувањето, од груб до рафиниран сликарски израз, каде видно го менува својот сликарски ракопис (Сл. 262 - 300).

Кумановскиот сликар и зограф Трајко Муфтински зазема посебно место во развојот на историјата на уметноста во РС Македонија во два значајни периоди:
- меѓу двете светски војни (1919 – 1941), и
- социјалистичкиот период, од 1941 година до неговата смрт (1963).

Интересот за профаното и црковното сликарство, контактите со реномираните уметници, посетата на наставни курсеви, сликарски работилници и ателјеа во бившите југословенски простори на Балканот, придонеле за неговото значајно уметничко творештво, професионални дела од сите жанрови инспириран од класицизмот и средновековната уметност, а преку реализмот, импресионизмот и експресионизмот допрел до модерната уметност на XIX и XX век.

По неговата смрт имал две меморијални изложби, првата со 63 дела во Уметничката галерија - Куманово, на 28 март 1968 година, и втората од неодамна, по повод 100 години од неговото творештво (1919 - 2019), 55 години Музеј Куманово и 500 години од постоењето на Куманово, во рамки на манифестацијата „Куманово – град на културата 2019“, отворена на 21 јуни 2019 година, исто така во Уметничката галерија – Куманово (Сл. 57 – 58). Како дел од програмата на Општината Куманово „500 години Куманово“, изложбата под наслов „100 години од творештвото на Трајко Муфтински (1919 - 2019)“ ја отвори секретарот на Општината, г-ѓа Десанка Стошевска во присуство на бројна публика, меѓу кои присуствуваа и неговите правнуци Игор Даштевски и Милена Даштевска – Малохоџиќ, со семејствата. Покрај современото световно сликарство со 65 дела, беше опфатено и неговото иконографско творештво по црквите во околината на Куманово, преку 12 колор фото – постери (70 x 100 см.) проследени и со видео – запис од теренските истражувања (Сл. 76 - 89).

**Список на групни изложби со посмртно изложувани дела во РС Македонија:**

- 4.11. - 4. 12.1977, „XXXII ИЗЛОЖБА НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, Музеј на современа уметност во Скопје (текст: Соња Абаџиева);
- 7.3.1986, „ЖЕНАТА ВО ЛИКОВНИТЕ ДЕЛА СО ЕТНО - МОТИВИ“, Уметничка галерија - Куманово (текст: Славица Митевска);
- 1.7. - 31.8.1988, „СОВРЕМЕНО СЛИКАРСТВО“, Уметничка галерија – Куманово (текст: Гоце Јакимовски - Божурски);

11.11.1992, „КУМАНОВСКИ УМЕТНИЦИ ’92“, Уметничка галерија – Куманово (текст: Тане Гарски);

- 4.11. - 29.11. 2013, „МАКЕДОНСКОТО ПРОФАНО СЛИКАРСТВО ОД XIX И ПОЧЕТОК НА XX ВЕК“, Чифте – амам во Скопје (НГМ), (текст: Славица Алексова);
- 11.11.2013, „КУМАНОВСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ 2013, ПОСТХУМНО К. КАРАЏА И Т. МУФТИНСКИ“, Уметничка галерија – Куманово, Куманово (текст: Перо Величковски);
- 26.11.2019, „АРТ МЕМОРИАМ“, Уметничка галерија - Куманово, Куманово (текст: Гоце Божурски).




**Сл. 57.** Покана за отворање на изложбата: „100 години од творештвото на Трајко Муфтински (1919 – 2019)“, 21.6.2019




**Сл. 58.** Плакат за отворање на изложбата: „100 години од творештвото на Трајко Муфтински (1919 – 2019)“, 21.6.2019

Трајко Муфтински е сè уште недоволно познат во македонската јавност и заслужува да го добие своето место во науката и како зограф од *Преоден период* и како современ сликар во поствоениот *Социјалистички период*, како еден од втемелувачите на современото македонско сликарство заедно со Кирил Караџа, и последен македонски зограф, по стапките на неговиот претходник Димитар Андонов - Папрадишки.

Градот Куманово, со право се гордее што има еден таков великан на македонската ликовна сцена и можеби треба да отвори една ликовна галерија со негови дела, која ќе биде постојано достапна за јавноста.

## 5. РЕЗИМЕ / SUMMARY

Slavica Krstikj

# TRAJKO MUFTINSKI

### THE FIRST ACADEMIC AND ICON PAINTER FROM KUMANOVO

Trajko Muftinski (15.5.1895 – 12.6.1963) was the first icon painter from Kumanovo, and one of the originators of contemporary painting in Kumanovo in 1956, yet he remains relatively unknown in the field of science in the history of art. He produced works in the period between the World Wars and after the Second World War, and his creative works include pieces with religious and secular themes, as well as from everyday life (rural motifs, landscapes, still life, portraits etc), although his major preoccupation was icon painting and the painting of whole iconostases and, albeit more rarely, fresco paintings in churches with themes from Christianity. The first icons attributed to Muftinski are found on the iconostasis in the *Church of the Assumption* in Sekirije village near Vranje (1919). In *St. Prohor Pcinski Monastery* he painted all the frescoes and icons on iconostasis in the central dome nave (1934/35). Most of the icons and iconostases he made were for rural churches in Kumanovo area, between 1920 and 1940. Whole iconostases was made for *St. Petka* in Rugjince (1921), *St. George* in Kumanovo (1921 ?), *St. Petka* in Tabanovce (1933/34), *St. Nicholas* in Ramno (1935/36), *St. George the Victorious* in Pelince (1936), *St. Nicholas in Oblavce* (1937), *St. Elijah Monastery* in Orashac (1937/38), few icons for *Karpino Monastery* in Suv Orah (1920). *St. Petka* in Pezovo (1919 ?), and *St. Savior* in Romanovce (1933/34). His only large work-related commission was for fresco painting in *St. George Monastery* in Beljakovce, in the year 1937. He produced around one hundred pieces painted with oil on canvas, most of them with religious themes. Today they are exhibited in the art museum collection in Kumanovo. Besides in Kumanovo, he was engaged in the Belgrade and Vranje areas. With the desire to be among his fellow citizens, because he was always outlandish in Belgrade, he organized his first and only exhibition in his home town Kumanovo in 1960. Trajko Muftinski is still relatively unknown to the Macedonian public and deserves a place in the art world as icon painter from the Transition Period (1919 -1941), as well as contemporary art painter from after war period (Socialistic Period). He was a member of Society of Applied Art of Macedonia (SAAM) since 1950. He is one of the founders of Macedonian contemporary art movement along with Kiril Karadza (1900 – 1973) from Kumanovo, and the last Macedonian painter who follows the footsteps of his predecessor Dimitar Andonov - Papradishki (1859 - 1954).

Translation
Marina Krstikj

## 6. *ВЕСНИЦИТЕ ЗА ТРАЈКО МУФТИНСКИ*



Време

Петак, 20 новембар 1931

Стара и „нова" иконографија у манастирима Јужне Србије

Појаве о којима треба повести рачуна

Света Богородица, рад г. Муфтијског

Св. Тројица, рад г. Муфтијског

**Сл. 59.** *Стара и „нова" иконографија у манастирима Јужне Србије* „ВРЕМЕ", петок 20 .11.1931



ВАРДАР

14 септембар 1936

Ново доба нашег црквеног живописа

— Кумановац г. Трајко Муфтински са много успеха украшава иконама и фрескама наше нове храмове —

**Сл. 60.** *Кумановац г. Трајко Муфтински са много успеха украшава иконама и фрескама наше нове храмове*, „ВАРДАР", 14. 9. 1936





СЛИКАР РЕНЕСАНСА СРПСКЕ СРЕДЊЕВЕКОВНЕ УМЕТНОСТИ

# СЛИКАР Г. ТРАЈКО ЈОВАНОВИЋ-МУФТИНСКИ, ИЗ КУМАНОВА, ОЖИВЕО ЈЕ ФРЕСКЕ ИЗ СТАРИХ СРПСКИХ МАНАСТИРА У НОВОСАГРАЂЕНИМ ЦРКВАМА

У Београду су у току последњих година изграђени многи и лепи храмови. Ускоро ће овај град бити обогаћен са још неколико цркава, међу којима се истичу још недовршени, величанствени храм Св. Марка, затим величанствени храм Св. Саве. До јесени ће бити завршени радови и на храму Св. Покрова Богородичиног чија је унутрашњост украшена необично лепим и оригиналним фрескама академског сликара г. Трајка Јовановића-Муфтинског.

Г. Муфтински је по својим радовима познат не само уметничким круговима, већ и широј публици. Својим дугогодишњим радом овај Кумановац је у редовима наших иконографа стекао лепо име. Савесност којом се он посвећује студији својих радова, марљивост којом је годинама студирао по манастирима и црквама Јужне Србије нашу средњевековну уметност, много је допринела успеху овога уметника који је узео себи за задатак обнову наше древне црквене уметности.

Инспирисан духом средњевековних српских сликара, чији су мотиви били једино и искључиво везани за цркву, за хришћанство, односно православље, овај уметник је правилно увидео и оценио сву вредност фресака и икона наших манастира који су сведоци једне високе културе у Србији Немањића.

Српска средњевековна ликовна уметност све до XIII века својим изразом, постављањем и бојом мотива, на... мозаичке концепције монументалне византиске уметности V-VIII као и X-XIII века.

Тајна вечера. Оригинални рад уметника Трајка Јовановића-Муфтинског (Фото: приватна својина)

Г. Трајко Јовановић-Муфтински (Фото: приватна својина)

У XIV веку та се уметност ослобађа утицаја византијских иконографа, добијајући форме и замах једне самосталне и нове уметности великих размера. Из тог доба потиче у целом културном свету позната фреска Изгнање трговаца из храма у цркви Св. Никите, задужбини Краља Уроша Милутина. Француски научник г. Мије и наш научник г. Ђ. Бошковић, године 1934, пронашли су потписе аутора ове изванредно лепе фреске. Фреску су радили Еутихије и Михајло. Живахни покрети и велики број лица у овој композицији, особине су свих већих слика ове двојице иконографа. Ова фреска носи обележје свога столећа, основа јој је плава за разлику од слика једног века раније. У XIII веку основа слике обично је жута.

Међу чувене и познате фреске убраја се и фреска Покољ витлејемске деце из Марковог манастира, задужбине Краља Вукашина и сина му Краља Марка (Краљевића Марка). На о-вој фресци својом импресивношћу истиче се Плач Рахиле. Библиски мотив Покоља невиних и Плача витлејемске деце стар је и веома чест у православном сликарству. Тај је мотив обрађиван чак и на Западу. По речима г. др. Владе Петковића ниједна од слика Плача Рахиле не потреса колико ова српска. Од свих поза које сликар може дати једној Ниоби (или њеном оличењу), ова коју има Рахила у Краљ. Марковом манастиру као да је [illegible] људско срце. Седећи између мртве деце обучене у бело, с ногама подвијеним на источњачки начин и донекле и клечећи, с рукама раширеним, главом нагнутом не много на своју десну страну, Рахила овог српског манастира остаће за сва времена један од најупечатљивијих израза трагичности у свештеном хришћанском сликарству.

На таквим и још многим другим великим и славним примерима могао је г. Муфтински схватити смисао и лепоту фреско сликања и одушевити се њиме. Одушевљење и занос којим се он предао обрађивању теме из наше свештене историје разумљив је сасвим, кад се узме у обзир да он потиче из краја, где чобанчићи у планинама у дрву режу ликове светаца и граде чак иконостасе у црквама. Г. Муфтински, пак, дао је своме таленту једно солидно образовање. Сликарство је студирао у Београду, Загребу и Прагу. Био је ученик професора Влаха Буковца.

Од већих радова г. Муфтинског треба нарочито ситаћи фреске у црквама Св. Параскеве у Руђинцу и Св. Димитрија у Прешеву; затим иконостас [illegible] и многе друге. Смелошћу композиције, замахом којим је обрадио психолошки моменат толико обрађене теме Тајна вечера, коју је у духу фреске из Савиног Милешева насликао у цркви Св. Прохора Пчињског, заслужује ова фреска изванредну пажњу и похвалу.

Могућности овога уметника су велике. Од тога да ли ће са истим досадашњим жаром наставити да ради на овом тако великом и тако незахвалном пољу ликовне уметности зависи да ли ће он успети у своме плану Ренесансе наше средњевековне уметности. У сваком случају довршење фрески у цркви Св. Богородичиног Покрова претставља значајан прилог овог вредног и скромног уметника на олтар уметности.

Н. Р.

**Сл. 61.** *Сликар г. Трајко Јовановић Муфтински,, из Куманова, оживео је фреске из старих српских манастира у новосаграђеним црквама,* "ОБНОВА", Белград, 12 јануари, 1942, стр. 6



*Портрет*

# ТРАЈКО МУФТИНСКИ продолжител на традицијата во фреско-сликарството

Старите македонски цркви и манастири се украсени со фрески, кои имаат голема вредност. Фреските ги работеле нашите стари, средновековни мајстори-зографи. Со изумирањето на зографите изумрело и фреско-сликарството.

Во поново време, меѓутоа, оваа уметност е продолжена од еден кумановчанец. Тоа е нашиот познат академски сликар Трајко Муфтински, кој е познат како творец на живописот во многу наши цркви и манастири.

Млад и воодушевен за сликарството Муфтински под многу тешки услови студира во Белград, Загреб, Прага и некои други европски центри. Оттаму се враќа во родниот крај. Слика за себе, од задоволство. Него го привлекуваат сите мотиви. Меѓутоа, црквеното сликарство му е посебно блиско и драго. Долго години ги студира фреските на старите мајстори, се труди да ја открие нивната техника, техниката на боите. И успева.

Се редат фрески изработени од Муфтински: Иконостас и фрески во Прохор Пчињски на околу 300 м$^2$, иконостас во Белиштево, Врањско, во манастирот во Бељаковце, иконостас во црквата во Прешево, фрески во Богородичната црква во Белград, каде ја изработел и својата оригинална „Тајна вечера“, во Крушевац и во многу други цркви од Куманово преку Сараево, Хрватска и Србија до Војводина.

Четириесет години Муфтински сликал, па денеска му е тешко да се сети каде сѐ изработувал фрески, иконостаси и икони.

Фреско-сликарството на Муфтински е оригинално. Неговиот стил е оригинален. Фреските се изработени со многу инвенција, големо мајсторство, со едно воодушевување и топла сликарска љубов, па имаат трајна вредност. И уште нешто. Мешањето на боите е тајна на овој сликар.

Би било погрешно ако се мисли дека Трајко Муфтински е само зограф. Напротив. Тој со успех слика и други жанрови. Неговите пејсажи, портрети и цртежи говорат за едно сестрано интересирање на уметникот живото да го согледа од сите агли и аспекти. Во неговата сегашна збирка, која не е потполна, можеме да го видиме развојниот пат на сликарот и неговата мајсторска палета.

Стариот мајстор Муфтински сега живее повеќе во Белград, но копнее за својот роден град. Под извесни услови, тој е готов сета своја збирка да ја подари на Општината, за идната уметничка галерија.

**Сл. 62.** „Наш Весник“ - Куманово бр. 25, од 25.03.1962, стр. 6

КУМАНОВО. — У Куманову живи сликар Трајко Муфтински једини живи фреско-сликар Македоније и продуживач старе македонске фреско-сликарске школе. Фреске Трајка Муфтинског одликују се свежином и лепом композицијом боја. Ликови на фрескама су реалистички, људи из народа, што је, исто тако, једна одлика сликарства Муфтинског. (П. Т.)

**Сл. 63**. *Културни живот*, „ПОЛИТИКА“, Белград, сабота 27.10.1962, стр. 11 (Петар Трајковски)

ПОНЕДЕЛНИК, 1 АПРИЛ 1968 Г.

КУЛТУРА • УМЕТНОСТ • ОБРАЗОВАНИЕ

## МЕМОРИЈАЛНА ИЗЛОЖБА НА Т. МУФТИНСКИ

На 28 март годинава во просториите на Уметничката галерија на свечен начин беше отворена меморијална изложба од подарените уметнички дела на покојниот академски сликар од Куманово Трајко Муфтински.

Овој ветеран на ликовната уметност во нашиот град е роден во Куманово 1893 година. Студирал сликарство во Белград, Загреб и Прага. Во текот на својот живот посетувал повеќе културни центри при што доаѓал во контакт со голем број истакнати европски и светки сликари и уметници.

Овој уметник се определил за сликање на иконостаси, ѕидни фрески и голем број икони. Неговите платна јасно зборуваат дека уметникот ги познавал и сите тајни на боите кои му овозможуваат да направи трајни документи од сето она што го привлекувало и импресионирало во тоа време. Сите фрески кои се наоѓаат во голем број цркви и манастири во нашата земја зборуваат за една голема сликарска инвенција, за едно неизмерно одушевување од оваа уметност што придонесува и неговите платна да имаат трајна уметничка вредност.

На изложбата во Уметничката галерија се застапени околу 60 платна на овој истакнат уметник кој неизмерно го сакал својот град. Застапени се голем број на платна работени во фреско-сликарство и слободни композиции во масло.

**Сл. 64**. „Наш Весник“ – Куманово, бр. 156, понеделник 1.04.1968, стр. 4



АКЕДОНИЈА ● Недела 4 февруари 1979 год. ● стр. 10

ТЕКОТ НА НЕШТАТА ИЛИ:

## Признанијата ќе следат подоцна

**● Уметничката галерија од Куманово е една од ретките во Републиката која долга низа години развива широка активност на полето на ликовниот живот во својата средина, без оглед на тоа што условите под кои делува не се идеални**

